TIKVEŠ

Since 1885

Извештај за одржливост 2025 г.



# ВИНАРСКА ВИЗБА „ТИКВЕШ“

*Наздравуваме за животот*

# Содржина

Акроними и кратенки 4

Најважните случувања во рамките на ESG во 2025 година 4

Порака од Претседателот 6

1. За извештајот 9

2. Организациски профил 13
   - 2.1 Нашата стратегија за ESG 20
   - 2.2 Нашите брендови 21
   - 2.3 Пазарно присуство 23
   - 2.4 Заложби во однос на меѓународните и секторските иницијативи и стандарди 26
   - 2.5 Награди и признанија 28

3. Корпоративно управување 31
   - 3.1 Структура на корпоративното управување 32
   - 3.2 Управување со ESG-стандардите 33
     - Управен комитет за ESG (2025 г.) 33
     - Специјализиран тим/група за ESG-стандарди 33
   - 3.3 Деловна етика, стандарди и политики 35
   - 3.4 Одговорно управување со синџирот на снабдување 38
   - 3.5 Вклучување на засегнатите страни и анализа на материјалноста 46

4. Резултати од аспект на животната средина 49
   - 4.1 Одржливо лозарство 50
   - 4.2 Систем за управување со енергијата 60
     - Следење и управување со енергијата 62
     - Проширување на нашите обновливи извори на енергија 62
   - 4.3 Мерки за енергетска ефикасност 65
     - Мерење на емисиите на стакленички гасови 68
   - 4.4 Искористување и зачувување на водата 69
   - 4.5 Управување со отпад и циркуларна економија 71

5. Резултати во однос на влијанието врз општеството 73
   - 5.1 Задоволство на клиентите и потрошувачите 74
   - 5.2 Вработување и трудови практики 77
   - 5.3 Здравје, безбедност и добросостојба 79
   - 5.4 Вклучување на заедницата 81

6. Табела за Глобалната иницијатива за известување (GRI) 91

# Акроними и кратенки

| | |
|---|---|
| **CEO** | Главен извршен директор |
| **$CO_2$** | Јаглерод оксид |
| **ESG** | Животна средина, општествено влијание и корпоративно управување |
| **EU** | Европска Унија |
| **ГХГ** | Емисија на стакленички гасови |
| **ИГИ** | Иницијатива за глобално известување |
| **HORECA** | Хотели, ресторани и кафетерии/угостителство |
| **IWCA** | Меѓународни винарници за борба против климатските промени |
| **КПУ** | Клучни показатели на успешност |
| **МБ** | Македонска берза |
| **ЦОР** | Цели на одрживиот развој |
| **ОК** | Обединето Кралство |
| **ОН** | Обединети нации |
| **САД** | Соединети Американски Држави |
| **ВВ „Тиквеш“** | Винарска визба „Тиквеш“ АД - Кавадарци |
| **TCD** | "Tikveš 1885 Châteaux & Domaines" |

# Најважните случувања во рамките на ESG во 2025 година

Клучни показатели за винарницата

**90,013 м²**

винарница и оперативна површина во Кавадарци

**26**

меѓународни пазари

**200**

вработени

**35.000 т**

тони преработено грозје годишно

**85**

различни типови производи, од кои 78 вина и 7 жестоки пијалаци

**5.000 ха**

хектари лозови насади од коопeранти



# Клучни факти во доменот на животната средина, општественото влијание и корпоративното управување за 2025 година

### Обновливи извори на енергија (RES):

**18,2%** од вкупната потрошувачка на енергија

### Иновации и дигитализација

преку прецизен софтвер за лозарство базиран врз податоци

### Заштеда на вода

преку систем за наводнување на лозјата „капка по капка“

### Вклучување на заедницата

Фестивал на младо вино на „Тиквеш“

### ESG

Структура и процедури за ESG преку специјализирани тимови во рамките на „Тиквеш“

### Процена на ESG во синџирот на снабдување

# Порака од Претседателот



Во 2025 година, „Тиквеш“ одбележа 140 години постоење - значаен јубилеј што го доживуваме како потврда на нашето богато наследство, но и како обврска да ја градиме иднината на компанијата со уште поголема одговорност. Ова беше година во која уште еднаш покажавме дека долгорочниот успех се создава преку јасна визија, дисциплинирано управување, постојано вложување во квалитетот и цврста определба за одржлив развој.

Во услови на динамични пазарни движења и сè поизразени глобални предизвици, и во 2025 година „Тиквеш“ ја потврди својата стабилност, конкурентност и способност за раст. Остваривме вкупни приходи од 59,6 милиони евра, а нашето присуство на 26 меѓународни пазари и фактот што 65,7 % од вкупниот продажен волумен е реализиран на странски пазари јасно ја потврдуваат силата на нашите брендови и релевантноста на „Тиквеш“ надвор од домашниот пазар.

Истовремено, продолживме да ги унапредуваме нашите пазарни позиции и архитектурата на брендот, создавајќи основа за понатамошен раст и развој. Особено значаен чекор во таа насока беше воспоставувањето на „Tikveš Premium Macedonian Spirits“ како нов чадор-бренд за жестоките пијалаци на „Тиквеш“. Во моментот, под овој бренд се обединети нашите ракии и вињаци, но тој е поставен како платформа со потенцијал за натамошно проширување на портфолиото во иднина. На овој начин, уште појасно ја обликуваме нашата стратешка определба за градење силни, препознатливи и одржливи брендови.

Паралелно со деловниот развој, во 2025 година продолживме со конкретни и мерливи чекори во унапредувањето на нашите еколошки перформанси. Во однос на базната 2022 година, постигнавме намалување на јаглеродниот отпечаток по литар за 22 %, а истовремено продолживме да инвестираме во почиста енергија и поефикасни процеси. Инсталираниот капацитет на фотоволтаични системи достигна 2,2 MWp, а уделот на електрична енергија од обновливи извори во вкупната потрошувачка на електрична енергија се зголеми на 38 %. Овие резултати се одраз на нашата јасна определба за одговорно управување со ресурсите и за градење поотпорен и поодржлив деловен модел.

Сертификатот за Сребрено членство во групата Меѓународни винарници за борба против климатските промени (IWCA) останува силен извор на мотивација за нас. Тоа е потврда дека нашите заложби се препознаени и вреднувани на меѓународно ниво. Во 2025 година продолживме да работиме на таа основа, со јасна амбиција во блиска иднина да го достигнеме и статусот на Златен член. За нас, ова не е само признание, туку показател за сериозноста со која пристапуваме кон активностите за борба против климатските промени, континуираното подобрување и долгорочната одговорност.

Посебно внимание и натаму посветуваме на одржливото лозарство, каде што сè повеќе го применуваме пристапот заснован врз податоци, анализи и знаење. Со засилено следење на лозовите насади, анализа на почвата и понапредно управување со водните ресурси, придонесуваме за поголема отпорност, продуктивност и долгорочна одржливост на сопствените лозја, како и на лозовите насади на пошироката мрежа на соработници лозари. Веруваме дека токму ваквиот пристап е клучен за зачувување на квалитетот, но и за одговорно управување со природните ресурси од кои зависи нашето производство.

Во текот на годината продолживме и со понатамошно вградување на ESG-принципите во управувањето, во оперативните процеси и во односите со клучните партнери и засегнати страни. Истовремено, останавме доследни во грижата за нашите вработени и за создавање безбедна и одговорна работна средина. Особено охрабрува фактот што 2025 година ја завршивме со нула регистрирани повреди на работното место, што претставува доказ за нашата посветеност на безбедноста и благосостојбата на луѓето.

Квалитетот на нашите вина и силата на нашите брендови и оваа година беа потврдени на меѓународната сцена. Во 2025 година, „Тиквеш“ освои 99 меѓународни награди и признанија, што повторно ја потврдува нашата позиција на водечка винарница во регионот и компанија со сè поголема меѓународна релевантност. Овие признанија за нас се причина за гордост, но и обврска и натаму да ги унапредуваме сопствените стандарди и да создаваме вредност што ќе биде препознаена и ценета на сите пазари на кои настапуваме.

Гледајќи напред, остануваме цврсто посветени на профитабилен раст, натамошно јакнење на брендовите, зголемување на меѓународното присуство и остварување мерлив напредок во одржливоста. Нашата амбиција е јасна: да го зачуваме, да го унапредиме и да го воздигнеме наследството на „Тиквеш“, градејќи компанија што е посилна, поиновативна, поодговорна и подготвена за иднината.

**Светозар Јаневски**
*Претседател на Управниот одбор*



# За *извештајот*



*Овој Извештај ја презентира винарската визба „Тиквеш“ (во понатамошниот текст* ***„Тиквеш“ или „Друштвото“****) и резултатите на винарницата во однос на одржливоста, заедно со екосистемот на друштва со кои соработува „Тиквеш“ во деловното работење (во понатамошниот текст* ***„Tikveš 1885 Châteaux & Domaines“****).*

Во Извештајот, Винарската визба „Тиквеш“, како друштво што котира на берзата во Република Северна Македонија, прикажува дека е усогласена со Упатствата за известување во однос на ESG на Македонската берза (МБ). Ваквото усогласување вклучува минимум информации и ја подвлекува посветеноста на Друштвото кон исполнување на очекувањата предвидени од страна на МБ.

При изготвувањето на овој Извештај беа земени предвид стандардите од Глобалната иницијатива за известување (GRI), вклучувајќи ги напорите на Друштвото во насока на постигнување нето-нула емисии до 2050 година во согласност со групата Меѓународни винарници за борба против климатските промени (IWCA) и нејзиниот придонес за Целите за одржлив развој (ЦОР) на Обединетите нации (ОН) и Директивата за корпоративно известување за одржливост (Corporate Sustainability Reporting Directive - CSRD).



# Граници на известувањето

Границите на известувањето го дефинираат опсегот на овој Извештај, вклучително и организациските и оперативните аспекти што ги опфаќа.

## Организациски ограничувања

1. **Субјект во опсегот:** Извештајот ги опфаќа резултатите и влијанието на Винарската визба „Тиквеш“ во однос на одржливоста. Информациите што ги содржи Извештајот, исто така, ги опфаќаат деловните активности на „Тиквеш“ со „Tikveš 1885 Châteaux & Domaines“, екосистемот на друштва со кои соработува и кои ги поддржува „Тиквеш“, кои влијаат врз Винарската визба „Тиквеш“, и обратно, врз кои влијае и Винарската визба „Тиквеш“. Овие друштва содржат мали винарници, лозја и угостителскиот објект на „Тиквеш“ во Кавадарци.

2. **Географски опсег:** Седиштето на дејностите на Винарската визба „Тиквеш“ е во Кавадарци, со канцеларија и во Скопје. Локациите Лепово, Барово, Бела Вода, Бабуна се наоѓаат во Северна Македонија, а имотот „Château de Gourdon“ се наоѓа во јужниот дел на долината Рона во Франција, во близина на гратчето Болен. Овој Извештај се фокусира на деловните активности на Винарската визба „Тиквеш“ во рамките на овие географски локации.

3. **Исклучоци:** Активностите што не се во финансиска или оперативна контрола на Винарската визба „Тиквеш“ се надвор од опсегот на овој Извештај.

## Оперативни граници:

1. **Работи поврзани со лозовите насади:** Опсегот на овој Извештај ги вклучува еколошките и општествените аспекти поврзани со активностите со лозјата, вклучително и одгледувањето на грозјето, бербата и управувањето со земјиштето.
2. **Работи поврзани со винарската визба:** Овој Извештај ги опфаќа сите аспекти поврзани со процесот на производство на вино, вклучително и ферментацијата, флаширањето, контролата на квалитетот, продажбата и маркетингот и вклучувањето на заедницата.
3. **Работи поврзани со угостителството:** Извештајот ги опфаќа општествените аспекти од активностите на ресторанот, вклучувајќи ги ангажманот на потрошувачите, развојот на винската култура, винските тури, настаните и интеракциите со заедницата.
4. **Вредносен синџир:** Друштвото, исто така, ги разгледува општествените и еколошките аспекти на практиките во својот синџир на снабдување, дистрибуција и набавка, заедно со партнерите лозари.

**Период на известување:** Периодот на известување за овој Извештај за одржливост е фискалната година 2025 (1.1.2025 - 31.12.2025).
**Рамки и стандарди на известување:** Овој Извештај се повикува на стандардите на Глобалната иницијатива за известување (GRI).
**Процена на материјалност:** „Тиквеш“ спроведе процена на материјалност за да ги идентификува и да ги приоритизира темите поврзани со животната средина, општественото влијание и корпоративното управување, кои се значајни за Друштвото и за засегнатите страни. Извештајот примарно се фокусира на темите што се идентификувани како материјални преку направената процена.

**Коментари за овој Извештај**
За коментари во однос на овој Извештај, контактирајте со:
Винарска визба „Тиквеш“
За: Канцеларија на Главниот извршен директор
Ул. „Димче Беловски“, бр. 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел.: +389 2 3181700
Е-пошта: contact@tikves.com.mk
Интернет-страница: www.tikves.com.mk



# Организациски *профил*


2.1 Нашата стратегија за ESG

2.2 Нашите брендови

2.3 Пазарно присуство

2.4 Заложби во однос на меѓународните и секторските иницијативи и стандарди

2.5 Награди и признанија

# За Винарската визба „Тиквеш“

Винарската визба „Тиквеш“, основана во 1885 година со седиште во Кавадарци, Северна Македонија (ул. „8-ми Септември“ бр. 5), со магацин, оперативни и административни канцеларии во Скопје, е една од најголемите и најнаградувани винарници во Југоисточна Европа.

## Наследството од Тиквешкиот Регион

Со богата историја и силна посветеност на модернизацијата, иновациите и еколошката одржливост, нашата винарница се наоѓа на истоимениот регион во Северна Македонија, распространета на површина од **90.013 м²**, со лозови насади во клучните вински области во Северна Македонија, карактеристични по комбинацијата на медитеранската и континенталната клима и уникатниот тероар.

Винарската визба „Тиквеш“ е винарница од средна големина, но таа е лидер во регионалната винска индустрија, со присуство на **26 глобални пазари**, со **200** директно вработени луѓе и годишна преработка од над **35.000 тони** грозје и производство на над 85 различни производи (SKU), од кои 78 вина и 7 жестоки пијалаци.

*“Создаваме глобален бренд за нашиот регион”*




ПРЕРАБОТЕНО ГРОЗЈЕ (2025 Г.) **34.750 т**

ПРОИЗВЕДЕНО ВИНО (2025 Г.) **24,6** МИЛИОНИ ЛИТРИ

ВИНСКИ СОРТИ (2025 Г.) **35**

ГОДИШЕН ПРОМЕТ (2025 Г.) **59,6** МИЛИОНИ ЕУР

ИНВЕСТИЦИИ (2025 Г.) **14,9** МИЛИОНИ ЕУР

ПОВРАТ НА СРЕДСТВА – ROA (2025 Г.) **7,1 %**

ДОБИВКА ОД ВЛОЖЕН КАПИТАЛ (2025 Г.) **8,3 %**

НЕТО-ДОБИВКА (2025 Г.) **6,8** МИЛИОНИ ЕУР

БРОЈ НА SKU (2025 Г.) **85** ВИНО: 78 ЖЕСТОКИ ПИЈАЛАЦИ: 7

МЕЃУНАРОДНИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА (2025 Г.) **99**

ПРОДАДЕНИ КОЛИЧЕСТВА (2025 Г.) **15,7** МИЛИОНИ ЛИТРИ

КАПАЦИТЕТ НА ВИНИФИКАЦИЈА **25** МИЛИОНИ ЛИТРИ

ЛОЗОВИ НАСАДИ ОД КООПЕРАНТИ **5.000 ха**

СОПСТВЕНИ ЛОЗОВИ НАСАДИ **1.300 ха**

ВИНАРНИЦА И ОПЕРАТИВНА ПОВРШИНА ВО КАВАДАРЦИ **90.013 м²**

МЕЃУНАРОДНИ ПАЗАРИ (2025 Г.): **26**

ПОСТОЈАНО ВРАБОТЕНИ (2025 Г.) **200**

МОЖНОСТИ ЗА СОЗДАВАЊЕ РАБОТНИ МЕСТА – ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕЗОНСКИ РАБОТНИЦИ **29** ПРОСЕЧНО/ МЕСЕЧНО

## Клучни факти за 2025 година

**34,3 %** ПОТРОШУВАЧКА НА ВИНО ВО С. МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕНТИ

**65,7 %** ПОТРОШУВАЧКА НА ВИНО НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ ВО ПРОЦЕНТИ

Винарската визба „Тиквеш“ се фокусира на создавањето поволно општествено и економско влијание за нашиот регион. Континуирано инвестираме во **едукацијата и развојот** на нашите вработени, ги унапредуваме заедниците во кои работиме, промовираме автохтони сорти грозје за да создадеме **можности за лозарите** и за да го поттикнуваме развојот на **регионалниот туризам**.




## Економско влијание

Винарската визба „Тиквеш“ има значајно економско влијание на локално и на национално ниво. Придонесува за развојот на лозарството и на винската индустрија преку воведување најсовремени стандарди за производство, инвестиции во технологијата, иновации во лозарството и винарството, како и преку соработка со сите чинители во индустријата со цел да ги сподели своите напредни сознанија и практики за унапредување на квалитетот на грозјето и виното. Винарската визба „Тиквеш“ е клучен играч во винската индустрија, движечка сила за развој и стабилност, обезбедувајќи работни места и можности за професионален развој на голем број директни и индиректни вработени, како и на голем број добавувачи и соработници. Неспорно е и економското влијание што винарницата го има на национално ниво, генерирајќи приходи за целокупната економија како резултат на даноците, но и на извозот на производи со додадена вредност. „Тиквеш“ континуирано спроведува активности за промоција на македонското вино и на земјата како производител на квалитетно вино, придонесувајќи за нејзиното реноме и препознатливост во глобални рамки. Јасната визија, стратешкиот пристап во работењето и иновативните деловни практики го гарантираат одржливиот долгорочен развој на „Тиквеш“ и овозможуваат успех во променливото деловно окружување, при што винарницата создава вредност за вработените, соработниците, локалната заедница и за целокупната економија.



## Финансиски резултати

Винарската визба „Тиквеш“ бележи конзистентен раст на параметрите што ги прикажуваат остварените финансиски резултати. Ваквиот успех се должи на ширењето на пазарот, освојувањето нови потрошувачки сегменти и на зголемувањето на учеството на производи со повисока додадена вредност во продажбата. Преку фокусирани активности, „Тиквеш“ остварува економски развој, истовремено напредува во својата агенда за одржливост и е пример за одговорни деловни практики во винската индустрија.

Во 2025 година, „Тиквеш“ оствари позитивни финансиски резултати и раст на остварените приходи. Конкретно, волуменот на продажбата се намали за 1,4 %, а приходите се зголемија за 2,0 % споредено со 2024 година. Ваквите резултати главно се должат на подобрените перформанси во продажбата, како на домашниот, така и на странските пазари, во согласност со стратегијата за постојано унапредување на структурата на продажба.

**2,0%**
**Стапка на раст на приходите**
споредено со 2024 година

Во финансискиот извештај за 2025 година се дадени дополнителни информации за финансиските резултати на винарницата.

## Диверзификација

Винарската визба „Тиквеш“ спроведува активности за зајакнување на своето присуство на постојните пазари и за освојување нови. Ваквата посветеност и стратешкиот фокус на диверзификација резултираат со континуиран раст на регионално и на меѓународно ниво. Без исклучок, на сите пазари е забележан раст на приходите. Ова ја потврдува ефективноста на нашата стратегија за диверзификација како движечка сила за нашиот целокупен успех, но и успешната имплементација на ваквиот стратешки пристап.

## Инвестиции

Во 2025 година, Винарската визба „Тиквеш“ инвестираше 14,9 милиони евра насочени кон модернизација на производството и таргетирана дигитализација во работењето на винарницата, комерцијалните функции и управувањето со лозјата. Целта на овие инвестиции е да ја зголемат оперативната ефикасност, да го подобрат процесот на донесување одлуки и да ја зацврстат долгорочната конкурентност на компанијата.

Интензивниот инвестициски циклус во 2025 година вклучуваше капитални вложувања, како во производствените капацитети, така и во инфраструктурниот и градежниот сегмент на винарницата.

Финализирани беа активностите започнати во 2024 година што се поврзани со реновирање и модернизација на постојните објекти, а паралелно започна и реконструкција и унапредување на нови капацитети со цел да се зголеми оперативната ефикасност, да се подобрат условите за производство и да се обезбеди долгорочна одржливост на системот.

Во 2025 година беа реализирани следниве инвестиции во опрема за производство:

- Поставување дополнителни 10 бетонски танкови со капацитет од 10 тони за зголемување на просторот за ферментација и складирање вино;
- Набавка на нови дабови буриња од 300 л и 500 л за зреење на винскиот дестилат;
- Набавка на нови буриња барик од 228 л, 600 л и 2 000 л.

# Развој

„Тиквеш" влегува во нова фаза од својот развој со континуиран фокус на создавање премиум вина и жестоки пијалаци што ја претставуваат нашата земја на глобалната сцена. Раководена од посветеноста кон извонредност и иновации, компанијата се стреми да остане предводник во новата ера во индустријата за пијалаци, каде што секој производ ги одразува автентичноста, квалитетот и препознатливото потекло.

Стратегијата на „Тиквеш" останува јасна - преку континуирано истражување нови тероари, примена на напредни технологии и развој на одржливи практики, компанијата ќе продолжи да го унапредува своето портфолио и да го зајакнува меѓународното присуство. Иновациите остануваат клучен двигател на растот - од примена на аналитички алатки за подобро разбирање на пазарните трендови до развој на нови премиум производи во категориите вина и жестоки пијалаци.

Одржливоста продолжува да биде основен принцип во работењето на ВВ „Тиквеш". Посветеноста на целосна декарбонизација до 2050 година останува не само стратешка цел, туку и одговорност кон идните генерации. Веруваме дека вистинското лидерство се постигнува преку долгорочна грижа за заедницата и за животната средина.

„Тиквеш" ќе продолжи да предводи преку иновации, проширувајќи го своето портфолио надвор од традиционалните вински категории. Со лансирањето на платформата „Tikveš Macedonian Premium Spirits" и планираното воведување нови луксузни лозови ракии, компанијата го зајакнува своето присуство во премиум сегментите и одговара на променливите потрошувачки преференции на меѓународните пазари.

Досегашниот успех на „Тиквеш" се темели врз стратешка диверзификација и премиумизација на портфолиото, при што меѓународните пазари продолжуваат да учествуваат со доминантен удел во вкупната продажба. Истовремено, истражувањето нови тероари, вклучително и лозовите насади во регионот Истра, ќе овозможат развој на нови премиум производи и дополнително зајакнување на позиционирањето на пазарите во Европската Унија.

Преку континуирани иновации и силни партнерства, „Тиквеш" останува да биде посветен на обликувањето на иднината на регионалната индустрија за пијалаци, нудејќи производи дефинирани со автентичност, квалитет и препознатлива приказна за потеклото.



# За „Tikveš 1885 Châteaux & Domaines"

„Tikveš 1885 Châteaux & Domaines" се состои од екосистем на друштва со кои соработува Винарската визба „Тиквеш" во рамките на своето деловно работење. Во текот на поддршката и соработката на „Тиквеш" со овие друштва, тие остваруваат меѓусебно влијание. Овие друштва вклучуваат мали винарници, лозови насади и активности и објекти за вински туризам и угостителство на „Тиквеш", но и поддршка на процесите за развој на кадри, како и маркетинг и продажба на регионалните пазари.

Активностите на „Tikveš 1885 Châteaux & Domaines" се одвиваат во Кавадарци, Скопје, Лепово, Барово, Бела Вода и Бабуна во Северна Македонија, но и „Château de Gourdon", кој се наоѓа во јужниот дел на долината Рона во Франција, во близина на гратчето Болен.

## Друштвата во екосистемот

### Три клучни винарски визби

„Lepovo"
„Krnjevo"
„Château de Gourdon"

### „Domaines"

„Barovo"
„Babuna"
„Bela Voda"
„Lepovo"

### Лозарство и набавка

М6 Аграр
Агровардарие

### Вински туризам

Ресторан во Кавадарци
Винска бутик-продавница
Угостителство, сместување и кетеринг-услуги
Управување со настани

### Продажба и маркетинг

Регионална продажба и маркетинг

### Обука

М6 Едукативен центар за обука и градење капацитети

# 2.1 Нашата стратегија за ESG

*“Одржливо производство на вино*
*што ќе остане за навек”*

Ние ја препознаваме важноста од одговорно деловно работење во обезбедувањето висококвалитетни вински производи за нашата сè поголема мрежа на клиенти.

Преку спроведувањето на нашата стратегија за ESG-стандардите, ние сакаме нашата винарница да стане модел за одржливи практики и да придонесе за позитивни промени во винската индустрија, истовремено остварувајќи деловен успех.

## Нашата цел

Да создадеме незаборавни искуства што ќе нè направат првиот избор за квалитет.

## Нашата визија

Нашата визија е да бидеме препознаени ширум светот како пионери на автентични доживувања на вино и жестоки пијалаци, познати по исклучителниот стил, посветеноста кон одржливоста и соработката со регионалните партнери во винската индустрија

## Нашата мисија

Нашата мисија е создавање извонредни вина и жестоки пијалаци, доживувања што ќе се паметат и водење одржливо производство на вино, истовремено почитувајќи го наследството од нашите винови насади.

## Клучни вредности

Извонредност
Одржливост
Страст
Интегритет
Соработка
Иновација
Пристап заснован врз наука
Чувство на сопственост
Наследство
Фокус на клиентот
Приспособливост
Општествена одговорност



# 2.2 Нашите брендови

## Винарска визба „Тиквеш“ – „Tikveš 1885 Châteaux & Domaines“



*"Градиме силни, препознатливи
и одржливи брендови"*









Во 2025 година, маркетинг-активностите на „Тиквеш" беа насочени кон успешно присуство на домашниот и на странските пазари, понатамошно зајакнување на брендот и приспособување кон новите трендови и очекувањата на потрошувачите со редизајн и ребрендирање на постојните производи, но и збогатување на портфолиото со нови.

Винарницата воведе нови производи во своето винско портфолио и во портфолиото на жестоки пијалаци. Беше лансирано ново вино под брендот „Makarija", кое е хармонична мешавина на сортите смедеревка, грашевина и шардоне, како и премиум лозова бела ракија направена според автентичен рецепт со внимателно дизајниран вкус и префинети ароми. Оваа ракија е резултат на посветеноста на ВВ „Тиквеш" да создаде спој на вековната традиција и современото доживување на овој пијалак.

Дополнително, целосно беше ребрендирано портфолиото на жестоки пијалаци, при што лозовите ракии на „Тиквеш" добија современ изглед и ново име: „Кумова". Она што не се промени е нивниот бескомпромисен квалитет и автентичен вкус. Притоа, брендот „Кумова" го сочинуваат следниве производи::

- „Kumova Žolta", која го чува добропознатиот, непроменет вкус на омилената жолта лозова ракија на „Тиквеш".
- „Kumova Bela", која е новата ѕвезда на балканските пазари - свежа, елегантна и создадена според очекувањата на современите купувачи.
- „Kumova Reserve", која претставува кулминација на мајсторството во создавањето на ракиите од брендот „Кумова".
- „Kumova Traditional", која е најчист израз на богатата традиција на македонската ракија и се одликува со исклучителен овошен профил и кристална чистота.

Нов изглед и име доби и „Alexandria Cuvée", па со целосниот редизајн на етикетата и на амбалажата беше воведено и ново адаптирано име – „Alexandria Premium Cuvée", со цел да се нагласи премиум квалитетот на ова вино.








# 2.3 Пазарно присуство

*"Лидер на регионалниот пазар"*

Во 2025 година, продажбата на „Тиквеш" на регионалните и на меѓународните пазари достигна рекордни нивоа, при што регионалните пазари порасна за 11 % и меѓународните пазари за 34 % во споредба со 2024 година. Подобрениот нето-приход по литар на извозните пазари ја одразува постепената промена во продажниот микс кон попрофитабилни производи.

„Тиквеш" продолжи да инвестира во имплементација на функционален систем на заштитени географски ознаки (PGI), придонесувајќи за усогласување на винскиот сектор во Северна Македонија со Заедничката земјоделска политика на Европската Унија. Паралелно, компанијата активно ги промовираше автохтоните сорти грозје, создавајќи нови можности за лозарството и поддржувајќи го развојот на винскиот туризам.

Во идниот период, „Тиквеш" ќе продолжи да ја следи својата стратегија на диверзификација, како во однос на географското проширување на пазарот, така и во однос на развојот на портфолиото на производи. Истовремено, „Тиквеш" ќе го задржи својот стратешки фокус на регионалните пазари, зајакнувајќи ги своето присуство на пазарот и стратегијата за премиумизација. Посебен акцент ќе се стави на Хрватска, каде што стекнувањето лозови насади во регионот Истра ќе ги зајакне долгорочната позиција на компанијата и присуството на пазарот на Европската Унија.

**Извозни пазари**

**65,7%**

продажба по волумен

**Домашни пазари**

**34,3%**

продажба по волумен

# Regional Markets

**Волумен на продажба на сите пазари во 2025 година**

| **Пазар** | **Количество во литри** |
|---|---|
| Македонија | 5.518.637 |
| Регионални пазари | |
| Србија | 5.266.613 |
| Хрватска | 918.351 |
| Босна и Херцеговина | 2.602.530 |
| Црна Гора | 250.189 |
| Косово | 542.772 |
| Бугарија | 193.733 |
| Албанија | 62.650 |
| Меѓународни пазари | |
| Австралија | 26.307 |
| Кина | 17.018 |
| Германија | 64.028 |
| Америка | 73.566 |
| Обединетото Кралство | 75.841 |
| Франција | 2.790 |
| Швајцарија | 46.630 |
| Малта | 19.198 |
| Холандија | 3.618 |
| Белгија | 2.558 |
| Чешка | 7.876 |
| Данска | 3.937 |
| Шведска | 19.766 |
| Австрија | 6.576 |
| Канада | 660 |
| Унгарија | 450 |
| **Вкупно** | **15.726.291** |



## *“Глобално присуство на четири континенти”*

Винарската визба „Тиквеш“ е стабилен и сериозен деловен партнер што произведува и испорачува извонредни вина, но, исто така, обезбедува и врвна услуга и сеопфатно знаење за производите, производството и индустријата, што на купувачите им помага да бидат успешни.

„Тиквеш“ го шири своето меѓународно искуство преку извоз на своите автентични вина во земјите од **Европската Унија (ЕУ), Обединетото Кралство (ОК), Соединетите Американски Држави (САД), Австралија, Канада и Кина**. Исто така, наша цел се клучните меѓународни пазари, како што се пазарите во нордиските земји. Со зголемувањето на влијанието на овие пазари, целта на винарницата е подигнување на информираноста за исклучителниот квалитет на своите вина. Винарската визба „Тиквеш“ редовно учествува на реномирани меѓународни вински натпревари и освојува многубројни награди, кои се потврда за високиот квалитет на вината што ги произведува.



# 2.4 Заложби во однос на меѓународните и секторските иницијативи и стандарди

ВВ „Тиквеш“ е посветена на обезбедувањето придонес за остварување на Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите нации (ОН) и учествува во меѓународните иницијативи за одржливост, како што е групата Меѓународни винарници за борба против климатските промени. На регионално ниво, активно учествуваме и ги поддржуваме иницијативите со кои се обезбедува препознатливост на земјата и регионот како производител на квалитетно вино и промоција на локалните автохтони сорти. За информациите во однос на ESG-стандардите, предвид ги земаме стандардите на Глобалната иницијатива за известување и упатствата за известување за ESG на Македонската берза.

*“Јакнење на препознатливоста на земјата како производител на квалитетно вино”*

Винарската визба „Тиквеш“ има интегрална улога во поддршката на здружението „Вина од Македонија“, вклучително и настани и програми за обука. Активно организираме и учествуваме во **промотивни настани и дегустации**, каде што се презентира разновидниот асортиман на македонски вина пред домашната и пред меѓународната публика. Дополнително, Винарската визба „Тиквеш“ организира **едукативни работилници и обуки за локалните производители на вина**, каде што ги споделува најдобрите практики и ја негува соработката во рамките на македонската винска индустрија. Со промовирањето на вината од Македонија и со инвестирањето во развојот на заедницата на производители на вино, континуирано работиме на подигнувањето на свеста и на препознавањето на македонските вина на глобалните пазари.

*“Претставување на нашиот регион во меѓународните иницијативи”*

Винарската визба „Тиквеш“ посветено работи за поодржлива иднина во глобалната винска индустрија. Со помош на иновативните технологии, зголемувањето на енергетската ефикасност и соработката со партнерите во индустријата, ние ги интензивираме нашите напори за борбата против климатските промени и се усогласуваме со целта за нето-нула јаглеродни емисии до 2050 година. Нашите заложби за одржливост и зелена трансформација го вброија „Тиквеш“ меѓу водечките винарници на глобално ниво, кои се дел од групата **Меѓународни винарници за борба против климатските промени (IWCA)**. Во 2025 година, „Тиквеш“ го потврди статусот на Сребрен член во IWCA со остварените резултати во намалувањето на јаглеродниот отпечаток на винарницата за 22 % по литар во однос на базната година, што е доказ за големата посветеност на „Тиквеш“ кон континуирано намалување на емисијата на стакленички гасови. За постигнување на оваа цел, „Тиквеш“ спроведува повеќеслоен пристап што се фокусира на постепено намалување на емисиите на стакленички гасови во сите свои активности. Ова вклучува инвестирање во извори на обновлива енергија, како што е соларната енергија поради минимизирање на зависноста од фосилните горива. Дополнително, Винарската визба „Тиквеш“ применува одржливи практики во лозарството, како што се конзервација на водата и зачувување на биодиверзитетот со цел да се намали влијанието врз животната средина.

## Придонесуваме за Целите за одржлив развој на Обединетите нации

| ЦОР на ОН | SUSTAINABLE DEVELOPMENT GOALS | Придонес на „Тиквеш“ |
| --- | --- | --- |
| ЦОР 6: Чиста вода и санитарни услови | 6 CLEAN WATER AND SANITATION | Со спроведување разумни практики за управување со водата, „Тиквеш“ обезбедува достапност и одржливо управување со водните ресурси. |
| ЦОР 7: Достапна и чиста енергија | 7 AFFORDABLE AND CLEAN ENERGY | „Тиквеш“ го намалува својот јаглероден отпечаток преку користење обновливи извори на енергија, промовирање на енергетската ефикасност и намалување на потрошувачката на енергија. |
| ЦОР 8: Пристојна работа и економски раст | 8 DECENT WORK AND ECONOMIC GROWTH | „Тиквеш“ придонесува за растот на локалната економија преку креирање работни места, едукација на младите и лозарите, истовремено промовирајќи ги локалното производство и националниот бренд ширум светот. |
| ЦОР 9: Индустрија, иновации и инфраструктура | 9 INDUSTRY, INNOVATION AND INFRASTRUCTURE | Инвестициите во одржливи техники за производство на вино и во инфраструктура придонесуваат за раст на индустријата и за иновации. |
| ЦОР 12: Разумна потрошувачка и производство | 12 RESPONSIBLE CONSUMPTION AND PRODUCTION | „Тиквеш“ користи практики за одржливо производство и промовира разумно производство на своите производи со цел намалување на отпадот и влијанието врз животната средина. |
| ЦОР 13: Климатска акција | 13 CLIMATE ACTION | Со интензивирање на напорите за усвојување чисти технологии, дигитални решенија за справување со климатските ризици, како и напорите за следење и постепено намалување на јаглеродните емисии, „Тиквеш“ помага во справувањето со климатските промени. |
| ЦОР 15: Живот од земјата | 15 LIFE ON LAND | „Тиквеш“ ги поддржува напорите за зачувување на биодиверзитетот преку зачувување на природните живеалишта на своите лозови насади. |
| ЦОР 17: Партнерства за целите | 17 PARTNERSHIPS FOR THE GOALS | „Тиквеш“ соработува со други организации и се вклучува во локални и глобални иницијативи за одржливост што го промовираат градењето одржливост и партнерства. |

# 2.5 Награди и признанија







Во 2025 година, Винарската визба „Тиквеш“ го повтори успехот што со години наназад го остварува на највлијателните меѓународни вински натпревари. Вината на „Тиквеш“ освоија вкупно 99 награди и признанија, и тоа: 3 платинести медали, 2 двојни златни медали, 25 златни, 34 сребрени и 30 бронзени медали, како и 5 признанија за квалитет.

Од особено значење се наградите што вината на „Тиквеш“ ги освоија на пролетното издание на „Mundus Vini 2025“ во Германија. Дури 9 вина освоија златен медал на овој престижен вински натпревар: „Domaine Lepovo Chardonnay 2023“, „Bela Voda White 2023“, „Barovo red 2019“, „Barovo red 2021“, „Bela Voda red 2021“, „Alexandria Cuvèe red 2023“, „Babuna red 2022“, „Luda Mara Red Cuvee 2023“ и „Terrasse a l'Ombre 2022“. Сребрени медали освоија вината „Vranec Luda Mara 2022“ и „Luda Mara White Cuvee 2024“.

Значајно е да се споменат и резултатите постигнати на натпреварите што се одржаа во Лондон, Велика Британија. На „International Wine Challenge“, награди освоија 24 вина на „Тиквеш“, а на „International Wine and Spirits Competition“, награди понесоа 12 вина.

Не е помалку значаен и успехот во Кина, кој на „China Wine & Spirits Awards“ го оствариja црвените вина „Babuna red 2022“, „Alexandria Cuvèe red 2023“, „Barovo red 2021“ и „Vranec Luda Mara 2022“, додека, пак, „T'ga za jug 2023“ се закити со двоен златен медал.





# Корпоративно *управување*


3.1 Структура на корпоративното управување

3.2 Управување со ESG-стандардите

- Управен комитет за ESG (2025 г.)
- Специјализиран тим/група за ESG-стандарди

3.3 Деловна етика, стандарди и политики

3.4 Одговорно управување со синџирот на снабдување

3.5 Вклучување на засегнатите страни и анализа на материјалноста

# 3.1 Структура на корпоративното управување

Винарската визба „Тиквеш“ котира на Македонската берза (ISIN: MKVVTK101013). Табелата дадена подолу ја прикажува структурата на акционерскиот капитал во Винарската визба „Тиквеш“.

Винарската визба „Тиквеш“ има двостепен систем на управување, кој го сочинуваат Управниот одбор составен од 5 (петмина) членови и Надзорниот одбор составен од 3 (тројца) членови, од кои 1 (еден) е независен член во Надзорниот одбор.

**Структура на акционерски капитал**

| Име на акционер | Проценти |
|---|---|
| М-6 ДОО Скопје | 80,08% |
| Други акционери | 19,92% |
| **Вкупно** | **100%** |

Со Одлука за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД - Кавадарци, бр. 02-982/8 од 30.05.2025 година, донесена на седница на Собранието на акционери на друштвото одржана на 30.05.2025 година, се изврши измена на Статутот на Друштвото и се определи Надзорниот одбор на Друштвото наместо 5 (петмина) членови да брои 3 (тројца) членови.

Во согласност со донесената одлука за измена на Статутот на Друштвото, Собранието на акционери на Друштвото, со Одлука бр. 02-982/9 од 30.05.2025 година, констатираше престанок на членството во Надзорниот одбор поради истек на мандатот, заклучно со 28.05.2025 година, на следниве членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци: Зоран Мартиновски - претседател, Тихомир Атанасовски - член, Христина Ружиновска - независен член, Миле Бундовски - независен член и Борче Илиоски - член, и за членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци ги избра: Јане Јаневски, Кристијан Поленак и Руди Лазаревски.

## Управен одбор

Управниот одбор управува со Друштвото и, во рамките на тоа, го води работењето на Друштвото под сопствена одговорност. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото, односно во вршењето на сите негови работи поврзани со водењето на работите и на тековните активности и дејствување во сите околности од името на Друштвото во рамките на предметот на неговото работење, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на Собранието и на Надзорниот одбор. Управниот одбор ги спроведува и ги реализира активностите во согласност со законските одредби и одредбите од Статутот на Друштвото.

**Состав на Управниот одбор (31.12.2025 г.)**

| Име | Функција |
|---|---|
| Светозар Јаневски | Претседател |
| Искра Клинкарова | Член |
| Драган Тилев | Член |
| Коце Ивановски | Член |

** Член на УО на кој му престана мандатот во 2025 година е: Јане Јаневски.*



## Надзорен одбор

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор. Овластувањата на Надзорниот одбор се определуваат согласно закон и согласно Статутот на Друштвото.

**Состав на Надзорниот одбор (31.12.2025 г.)**

| Име | Функција |
|---|---|
| Јане Јаневски | Претседател |
| Кристијан Поленак | Член |
| Руди Лазаревски | Независен член |

** Членови на НО на кои им престана мандатот во 2025 година се: Зоран Мартиновски, Тихомир Атанасовски, Христина Ружиновска, Миле Бундовски и Борче Илиоски.*

# 3.2 Управување со ESG-стандардите

Нашата заложба за одржливост е цврсто вкоренета во нашата структура на управување. Ние се залагаме за транспарентни, етички деловни практики што се водени од националните и глобалните иницијативи за одржливост. Нашето континуирано вклучување на засегнатите страни овозможува да ги слушнеме, да ги научиме и да ги приспособиме нашите стратегии на променливите потреби на нашите засегнати страни.

Во текот на 2023 година, Винарската визба „Тиквеш“ презеде храбри чекори за воспоставување структура и процедури за управување со ESG преку формирање Управен комитет за ESG-стандарди и посебен специјализиран тим/група за ESG-стандарди.

### Управување со ESG на две нивоа

- **Управен комитет за ESG-стандарди**
- **Специјализиран тим за ESG-стандарди**

## Управен комитет за ESG (2025 г.)

Управниот комитет за ESG се состои од следниве членови:

- **Светозар Јаневски, претседател на Управниот одбор**
- **Јане Јаневски, главен финансиски директор (CFO)**
- **Тихомир Касапинов, менаџер за одржлив развој, менаџмент системи и проектен менаџмент**

Целта за формирањето Управен комитет за ESG е поддршка за раководството на Друштвото и одлучување за активностите што придонесуваат за резултатите на Друштвото во однос на зашти-

## Специјализиран тим/група за ESG-стандарди

Специјализираниот тим за ESG го координира и го контролира **координатор за ESG (менаџерот за одржлив развој, менаџмент-системи и проектен менаџмент).** Специјализираниот тим за ESG се состои од тринаесетмина (13) претставници од следниве клучни организациски единици:

1. Човечки ресурси
2. Производство
3. Управување со грозјето

тата на животната средина, општественото влијание и корпоративното управување (ESG) и кои се поврзани со Акцискиот план за ESG на Друштвото и клучните показатели за успешност (КПУ).

Исто така, целта е и **конципирање, координирање и следење** на активностите што придонесуваат за успешно спроведување на Стратегијата за ESG на Друштвото.

Членовите на Управниот комитет за ESG се состануваат **еднаш годишно** со Генералното акционерско собрание и поднесуваат извештај до Управниот одбор и до Надзорниот одбор за напредокот на Друштвото во однос на ESG-стандардите.

Членовите на Управниот комитет за ESG **соработуваат со членовите на специјализираниот тим/групата за ESG** за спроведување на неопходните активности, прибирање податоци и спроведување на внатрешните процедури, и еднаш на три месеци се **среќаваат со специјализираниот тим за ESG** за поднесувањето на извештајот за напредокот.

**Должности и одговорности на Управниот комитет за ESG-стандардите**

1. **Известуваи до Акционерското собрание, Управниот одбор и Надзорниот одбор за** ефективноста на Стратегијата за ESG-стандардите.
2. **Ги информира Акционерското собрание, Управниот одбор и Надзорниот одбор** за случувањата во однос на практиките за одговорно инвестирање.
3. Го надгледува спроведувањето на **Стратегијата за ESG-стандардите и осигурува планирањето на капиталните трошоци и трошоците од работењето (CAPEX и OPEX) да бидат во согласност со целите на ESG-стандардите.**
4. **Се состанува со специјализираниот тим/група за ESG на секои три месеци** за да добие коментари во однос на спроведувањето на Акцискиот план за ESG и за напредокот на целите на ESG.
5. **Осигурува да има транспарентни информации во однос на ESG/ставки на известување** внатрешно и надворешно.
6. **Осигурува дека се воспоставени процедури за управување што ќе ги проценуваат ризиците и можностите за ESG** поврзано со производството на вино.
7. **Осигурува буџет за соодветна обука** за работи поврзани со општествената и еколошката одговорност.
8. **Ја промовира корпоративната одговорност** во рамките на Друштвото.
9. **Ги проценува, ги предлага, ги координира и ги поддржува** иницијативите и активностите за општествената одговорност на Друштвото.
10. **Учествува на регионални и на меѓународни настани за промовирање на ESG-стандардите и промовирање** на активностите на Друштвото во однос на ESG.

4. Управување со лозовите насади
5. Одржлив развој, менаџмент-системи и управување со проекти
6. Продажба
7. Синџир на снабдување
8. Маркетинг
9. Комуникации
10. Правно одделение
11. Логистика
12. Внатрешна ревизија
13. Канцеларија на главниот извршен директор (CEO)

Специјалниот тим/група за ESG поднесува **тримесечен извештај** до Управниот комитет за ESG-стандардите. Неговата главна цел е спроведување на Акцискиот план на Друштвото во однос на ESG-стандардите, следење на КПУ за ESG и прибирање податоци за изготвување на годишниот Извештај за ESG-стандардите.

**Должности и обврски на специјализираниот тим за ESG:**

1. **Прибира и анализира податоци од сите оддели** во Друштвото.
2. **Ги конципира и ги спроведува системите и процедурите за вкрстена корелација на податоците за ESG.**
3. **Обезбедува реализација на обуки** за вработените во Друштвото, со поддршка на надворешни експерти за работи поврзани со општествената одговорност и одговорноста во однос на животната средина, вклучително и употреба на нови, чисти технологии, практики за заштеда на енергија, вежби, обука за заштита од пожари и прва помош за вработените.
4. **Со помош на анкети за јавно мислење ги испитува** резултатите од спроведените програми со цел да ги насочи активностите кон оние области што го интересираат и имаат резултати.
5. **Му предлага иницијативи и програми на Управниот комитет за ESG** поврзани со одржливоста и корпоративната одговорност на краток и на среден рок.
6. **Го следи и го известува Управниот комитет за ESG за најдобрите практики во винската индустрија**, други друштва од истата дејност, како и здруженија, комори, агенции и истражувачки и академски институции.
7. **Го следи и го известува Управниот комитет за ESG за случувањата на национално и на меѓународно ниво.**
8. **На Управниот комитет за ESG му обезбедува квалитативни и квантитативни податоци** за спроведувањето на Стратегијата за ESG на Друштвото.
9. **Врши задачи и обврски што му се дадени од страна на Управниот комитет за ESG** со цел поддршка на спроведувањето на Стратегијата за ESG-стандардите.
10. **Учествува на регионални и на меѓународни настани за промовирање на ESG-стандардите и промовирање** на активностите на Друштвото во однос на ESG.



# 3.3 Деловна етика, стандарди и политики

Винарската визба „Тиквеш“ ги почитува законите и регулативите поврзани со корпоративното управување и функционира со транспарентна структура на управување со јасни улоги и одговорности.

## Кодекс на однесување

Секојдневното работење, однесувањето и начинот на донесување на одлуките во „Тиквеш“ се темелат врз Кодексот на однесување, кој ги содржи принципите и стандардите за однесувањето и постапките на сите вработени, со акцент на интегритетот, транспарентноста и на почитувањето на секој аспект од работењето. Кодексот опфаќа насоки за праведни деловни практики, почитување на законите и регулативите, еколошка одржливост и промовирање безбедна и инклузивна работна средина. За време на годината на известување немаше инциденти или кршење на Кодексот на однесување.

## Кодекс на однесување за добавувачи

Во целокупните деловни активности, Винарската визба „Тиквеш“ инсистира на примена на етички и ESG-стандарди и принципи, при што ваквите барања се однесуваат на сите соработници и добавувачи на винарницата. За таа цел, применуваме Кодекс на однесување за добавувачи, во кој се вклучени стандардите и очекувањата што ги бараме од сите наши добавувачи во однос на етичка набавка и одржливи деловни практики. Кодексот ги опфаќа принципите, како што се усогласеност со локалните закони и регулативи, почитување на човековите права, праведни трудови практики, еколошка одржливост и интегритет во сите деловни трансакции. Со почитување на нашиот Кодекс на однесување за добавувачи, добавувачите стануваат интегрални партнери во нашата мисија за производство на висококвалитетни вина, истовремено промовирајќи општествена и еколошка одговорност. Заедно се стремиме кон градење синџир за снабдување што ќе го карактеризираат транспарентност, отчетност и заемна почит, осигурувајќи континуиран успех и одржливост на нашето работење.

## Политика против корупција

Политиката против корупција е дел од нашиот Кодекс на однесување и ја дефинира положбата на нашето Друштво во однос на поткупот и корупцијата, конфликтот на интереси, нудење мито и каква било друга форма на неетичко однесување во целокупното деловно работење. Преку ригорозни механизми за следење и известување, Винарската визба „Тиквеш“ овозможува сите чинители да ги почитуваат највисоките стандарди на етичко однесување. Во текот на годината на известување немаше инциденти поврзани со корупција.

## Политика за укажувачите

Нашата политика за укажувачите го регулира заштитеното внатрешно укажување во Друштвото, правата на укажувачите, активностите и обврските на Друштвото во однос на заштитеното внатрешно укажување, обезбедува заштита на укажувачите, упатување на заштитени надворешни укажувачи, т. е. заштитено јавно укажување, определување овластено лице што ќе ги прима пријавите, начинот на вршење на процедурата во однос на известување и други важни прашања за заштитено внатрешно укажување. За време на годината на известување немаше пријави поднесени преку каналите за укажување.

За Винарската визба „Тиквеш“ најважно е задоволството на вработените, па токму затоа се стремиме кон навремено и праведно решавање на сите проблеми, промовирајќи доверба и долгорочни односи во рамките на деловниот екосистем. За таа цел, сите вработени се запознаени со Политиката за укажувачи, која на засегнатите страни им овозможува транспарентно и ефективно известување за сомнителни и реални прекршувања на законот, прекршувања правила и друго несоодветно постапување. При поднесувањето жалба внатре во Друштвото, таа навремено се евидентира и се испитува од назначениот персонал, обезбедувајќи доверливост на информациите во текот на целокупниот процес. Вработените се охрабруваат директно да пријават какви било ситуации преку е-пошта или преку средба со соодветниот раководител. За сите чувствителни прашања, како што е сексуално вознемирување, „Тик-

веш“ има дефинирано процес на поднесување анонимен формулар преку кој се промовира културата на транспарентност и отчетност во рамките на Друштвото. По темелна истрага, се преземаат соодветни активности за да се реши проблемот преку корективни мерки или усогласување на политиката. Во текот на процесот на решавање на прашањето се одржуваат јасни канали за комуникација со цел да се информираат вработените за напредокот и за резултатите од процесот.

## Постапки во механизмот за жалби/приговори

Истовремено, Винарската визба „Тиквеш“ спроведува сеопфатен механизам за поднесување жалби/приговори со цел ефективно управување со различни прашања и жалби што ги добива од надворешни засегнати страни, како што се клиентите и добавувачите. По добивањето приговор/жалба преку директна комуникација со претставници на Винарската визба „Тиквеш“, телефонски, преку е-пошта (contact@tikves.com.mk) или преку поднесување на жалбата/приговорот со формуларот за контакт на Винарската визба „Тиквеш“ достапен на официјалната интернет-страница, Друштвото ја прифаќа навреме и назначува тим што темелно ќе го испита конкретното прашање. Во текот на истрагата, винарницата одржува отворени линии на комуникација со лицето што ја поднело жалбата, со цел да осигури транспарентност и да информира за напредокот на процесот. Откако ќе се заврши истрагата, Винарската визба „Тиквеш“ презема соодветни активности за решавање на ситуацијата, како што се нудење решенија и спроведување корективни мерки, соодветно на случајот.

# Нашите системи за управување

За нас, во Винарската визба „Тиквеш“, ESG-принципите не претставуваат само нов тренд што треба да се следи, туку фундаментален аспект на нашиот идентитет. За нас, формализацијата на овие стандарди е процес на систематизирање на обврските што отсекогаш сме ги почитувале и сме ги спроведувале.

Во современото деловно окружување, темите поврзани со животната средина, општествената одговорност и корпоративното управување (ESG) стануваат сè поважни за долгорочната одржливост на компаниите.

Винарската визба „Тиквеш“ има воспоставено сеопфатни системи за управување, со цел да осигури квалитет, безбедност на храната, како и еколошко и енергетско управување во нејзиниот производствен сегмент. Производниот капацитет во Кавадарци поседува сертификати за соодветните ISO-стандарди.

## Систем за управување со безбедност на квалитетот

ISO 9001:2015



Винарската визба „Тиквеш“ го поседува високиот стандард **ISO 9001:2025 – Систем за управување со безбедност на квалитетот**, преку кој ја покажува својата силна заложба за извонредност и задоволство на клиентите, истовремено осигурувајќи дека во секоја фаза од своето работење, од одгледување на грозјето, па сè до флаширањето, ги исполнува строгите барања за квалитет. Според тоа, „Тиквеш“ придонесува за **ЦОР 9 на ОН во однос на индустријата, иновациите и инфраструктурата и ЦОР 12 за одговорна потрошувачка и производство**. Преку спроведувањето на релевантните процедури, Друштвото осигурува конзистентност на квалитетот и континуирано подобрување во сите сегменти од производниот процес.



## Систем за управување со безбедност на храната

ISO 22000:2018



Покажувајќи ја својата посветеност за безбедност и квалитет на храната, Винарската визба „Тиквеш“ го исполнува стандардот **ISO 22000:2018 – Систем за управување со безбедност на храната**, со што ги исполнува највисоките стандарди за безбедност и квалитет на храната, придонесувајќи за **ЦОР 3 на ОН, која се однесува на здравје и добросостојба и ЦОР 12 за одговорна потрошувачка и производство**. Друштвото спроведува релевантни процедури со кои ги исполнува највисоките стандарди за хигиена и безбедност во својот производен процес. Од одгледување на грозјето, сè до флаширање и дистрибуција, „Тиквеш“ се придржува до строгите протоколи за намалување на ризиците и одржување на интегритетот на своите производи.

## Систем за управување со безбедност на животната средина

ISO 14001:2015



Согласно стандардот **ISO 14001:2015 – Систем за управување со безбедност на животната средина**, Винарската визба „Тиквеш“ е посветена не само на производството врвни вина и жестоки пијалаци, туку и на заштита на животната средина за идните генерации. Имајќи ја предвид заложбата за одржливост, „Тиквеш“ придонесува за **ЦОР 6 на ОН, која се однесува на чиста вода и санитарни услови, ЦОР 7 за достапна и чиста енергија, ЦОР 9 во однос на индустријата, иновациите и инфраструктурата, ЦОР 12 за одговорна потрошувачка и производство и ЦОР 13 за климатска акција**. Друштвото користи еколошки одговорни практики во текот на своето работење, како што се ефикасно користење на водата, управување со отпад и зголемување на употребата на обновливи извори на енергија. На овој начин, „Тиквеш“ ги забрзува напорите за подобрување на своето влијание врз животната средина, а, исто така, со тоа дава добар пример за винската индустрија.

## Систем за управување со енергијата

ISO 50001:2018



Винарската визба „Тиквеш“ спроведува строги процедури за оптимизирање на енергетската ефикасност во своето работење согласно стандардот I**SO 50001:2018 – Сертификат за систем за управување со енергијата**. Од управувањето со лозови насади, па сè до производството на вино и неговата дистрибуција, Винарската визба „Тиквеш“ користи иновативни технологии и најдобри практики за постепено намалување на енергетската потрошувачка од необновливи извори на енергија, но, исто така, и за подобрување на работењето. Преку исполнување на стандардот ISO 50001:2015, Винарската визба „Тиквеш“ ја потврдува својата заложба за одговорно управување со енергијата, обезбедување позелена иднина преку исполнување на највисоките стандарди за квалитет во производството на вино, истовремено придонесувајќи за **ЦОР 7 на ОН, која се однесува на достапна и чиста енергија, ЦОР 11 за одржливи градови и заедници, ЦОР 12 за одговорна потрошувачка и производство и ЦОР 13 за климатска акција**.

## Систем за пресметување и верификација на стакленички гасови

Винарската визба „Тиквеш“ врши пресметка на својата емисија на стакленички гасови согласно стандардот **ISO 14064-1:2018 – Сертификат за систем за пресметување и верификација на стакленички гасови**. Пресметката ги опфаќа трите целини: Опсег 1, Опсег 2 и Опсег 3. Винарската визба „Тиквеш“ користи иновативни технологии и најдобри практики за постепено намалување на енергет-



ската потрошувачка, за воведување обновливи извори на енергија, но, исто така, и за подобрување на работењето. Преку исполнување на стандардот ISO 14064-1:2018, Винарската визба „Тиквеш" ја докажува својата посветеност кон иницијативата на ОН за постигнување нето-нула емисии на $CO_2$ до 2050 година и за обезбедување позелена иднина преку исполнување на највисоките стандарди за намалувањето на емисијата на штетни стакленички гасови, истовремено придонесувајќи за **ЦОР 7 на ОН, која се однесува на достапна и чиста енергија, ЦОР 11 за одржливи градови и заедници, ЦОР 12 за одговорна потрошувачка и производство и ЦОР 13 за климатска акција**

# 3.4 Одговорно управување со синџирот на снабдување

## Одржливо управување со синџирот на снабдување и пакување

Во рамките на својата стратегија за одржлив развој, Винарската визба „Тиквеш" посветува посебно внимание на **одговорното управување со синџирот на снабдување, транспортот и пакувањето**. Преку систематски пристап кон набавките, соработка со партнери што применуваат високи еколошки стандарди и континуирано унапредување на логистичките и процесите на пакување, компанијата работи на намалување на влијанието врз животната средина, зголемување на ефикасноста и поддршка на долгорочната одржливост на своето работење.

Нашиот пристап кон управувањето со синџирот на снабдување е поставен со цел да обезбеди **континуитет, ефикасност и оптимал на трошковна структура** во согласност со оперативните и стратешките приоритети на компанијата. Во фокусот се стабилноста на набавките, рационалното користење на ресурсите и одржувањето на високите стандарди за квалитет, со што се обезбедува сигурна и навремена достапност на материјали и услуги.




За реализацијата на овие цели применуваме **јасно планирање и следење на потребите, редовна контрола на перформансите и континуирано унапредување на процесите**. Посебно внимание посветуваме на навременоста на испораките, стратешката селекција на добавувачи и управувањето со трошоците низ целиот циклус. На тој начин градиме отпорен и флексибилен синџир на снабдување што ги поддржува производствената динамика и долгорочната конкурентност на компанијата.

## Поодржливи транспортни услуги

Во текот на 2025 година, Винарската визба „Тиквеш" ја продолжи и дополнително ја зацврсти определбата за поодржлив транспорт на стоки, со насоченост кон **намалување на еколошкиот отпечаток** и унапредување на ефикасноста во синџирот на снабдување. Преку внимателно планирање и примена на поеколошки транспортни практики, приоритет останаа оптимизацијата на рутите, ограничувањето на потрошувачката на гориво и намалувањето на емисиите на $CO_2$.

Компанијата продолжи да развива соработка со партнерски компании што ги споделуваат нашите вредности за одржливост, со акцент на избор на превозници со современи возни паркови усогласени со **стандардите EURO 5 и EURO 6**. Во текот на годината се изработуваа и се следеа детални извештаи за емисиите на $CO_2$ поврзани со транспортните активности за увоз и извоз, со што се обезбедија подобра контрола, повисоко ниво на транспарентност и појасен увид во влијанието на логистичките процеси врз животната средина.

### *Одржливост: Најдобри решенија за амбалажа во Винарската визба „Тиквеш"*

**Набавка на материјали за пакување 2025 vs 2024**

| | 2024 | 2025 | 2024 vs 2025 | |
|---|---|---|---|---|
| **Стаклени шишиња** | **19.571.290** | **21.195.114** | 1.623.824 | 8,30% |
| **БиБ фолии** | **551.300** | **613.800** | 62.500 | 11,34% |
| **Метални затворачи за вино** | **17.508.379** | **18.144.620** | 636.241 | 3,63% |
| **Метални затворачи за ракија** | **1.516.350** | **1.912.700** | 396.350 | 26,14% |
| **Плутени затворачи** | **1.209.500** | **1.640.839** | 431.339 | 35,66% |
| **PVC и PLX Капсули** | **1.203.674** | **1.611.151** | 407.477 | 33,85% |
| **Транспортни картонски кутии** | **2.169.244** | **2.332.209** | 162.965 | 7,51% |
| **Комплети (предни + задни етикети)** | **21.134.041** | **21.935.661** | 801.621 | 3,79% |
| **БиБ кутии** | **611.750** | **600.540** | -11.210 | -1,83% |

#### Набавка на материјали за пакување 2025 vs 2024




Во Винарската визба „Тиквеш“, **континуираното унапредување на материјалите за пакување** останува еден од клучните приоритети со цел намалување на влијанието врз животната средина и поефикасно користење на ресурсите.

Во таа насока, се применуваат и се развиваат поодржливи решенија, вклучително и полесни стаклени шишиња, употреба на рециклирачки материјали и воведување биоразградливи алтернативи, онаму каде што е применливо. Овие активности овозможуваат оптимизација на потрошувачката на природни ресурси, при што квалитетот и интегритетот на производите остануваат непроменети.

Преку блиска соработка со добавувачите и вложувања во одржливи технологии, Винарската визба „Тиквеш“ постепено ги п**одобрува практиките за пакување и ги усогласува со релевантните еколошки стандарди**. Со вакви иницијативи, винарницата ја потврдува својата долгорочна посветеност на одржливоста и дава конкретен придонес за заштита на животната средина.

## Стаклени шишиња



Во Винарската визба „Тиквеш“, стаклените шишиња претставуваат **еден од најважните елементи на одрживото пакување**. Стаклото е материјал што може целосно да се рециклира и при повторна преработка го задржува својот квалитет, што го прави природен избор во насока на еколошки одговорно работење.

Со континуирано ориентирање кон стаклена амбалажа, Винарската визба „Тиквеш“ придонесува за намалување на отпадот, поефикасно користење на природните ресурси и ограничување на јаглеродниот отпечаток поврзан со пакувањето, поддржувајќи поодржливи производствени практики.

Истовремено, стаклените шишиња обезбедуваат високо ниво на заштита на квалитетот и автентичноста на вината, овозможувајќи стабилност на вкусот и безбедност за потрошувачите. Нивната издржливост и препознатлива естетика се дополнителна вредност, а преку изборот на еколошки соодветна амбалажа, Винарската визба „Тиквеш“ ја потврдува посветеноста кон одржливост и одговорен однос кон животната средина за идните генерации.



## Одржливи партнерства за позелена иднина

Во рамки на заложбите за заштита на животната средина, Винарската визба „Тиквеш“ соработува со **доверливи партнери во синџирот на снабдување** што имаат сопствени, долгорочни цели за унапредување на одржливоста и за намалување на јаглеродниот отпечаток.




Еден од клучните приоритети кај овие партнери е **зголемувањето на уделот на рециклирано стакло во производството на нови шишиња**, со што се поддржуваат принципите на циркуларната економија и се намалува вкупното влијание врз животната средина. Во согласност со нивните поставени цели до 2030 година, тие се стремат кон постигнување **70 % учество на рециклирано стакло** во производството, усогласено со европските еколошки регулативи и релевантните најдобри индустриски практики.

Целите за 2030 година се дел од стратегиите на партнерите во производството на стакло, а Винарската визба „Тиквеш“ ги поддржува овие насоки преку избор на одржливи решенија за пакување и соработка со добавувачи што применуваат високи еколошки стандарди.

Преку ваквите одговорни партнерства, Винарската визба „Тиквеш“ ја зацврстува својата позиција како компанија што системски придонесува за одржливо производство и континуирано унапредување на практиките за пакување.

## Картонски кутии



Картонските кутии што се користат во Винарската визба „Тиквеш“ се развиваат и се набавуваат со јасен фокус на одржливост. Тие се изработени од материјали што се 100 % рециклирачки, со што директно се поддржуваат напорите за намалување на отпадот и поодговорно користење на природните ресурси. Дополнително, приоритет е еколошкиот пристап во производството преку употреба на лепила на водена основа и бои без масла, што придонесува за понизок еколошки отпечаток на пакувањето.

Со примена на ваквите практики, Винарската визба „Тиквеш“ обезбедува амбалажа што истовремено ја исполнува својата заштитна функција и го минимизира влијанието врз животната средина. За компанијата, одржливоста претставува интегрален дел од начинот на работење и континуирано подобрување на процесите.

Сите добавувачи на етикети и картонска амбалажа со кои соработува Винарската визба „Тиквеш“ имаат имплементирано **FSC® Chain of Custody**.

## Етикетирање на производот




Во рамките на пристапот кон одржливо пакување, Винарската визба „Тиквеш“ посветува внимание и на изборот на етикетите како составен дел од амбалажата. Самолепливите и регуларните хартиени етикети (без лепило) се селектираат со цел да се намали влијанието врз животната средина, а притоа да се задржат високите стандарди за квалитет, функционалност и естетика. При изборот се користат одговорно набавени хартиени материјали, а лепилата се усогласени со релевантни меѓународни стандарди, со што се поддржува можноста за рециклирање без непотребен негативен ефект врз

животната средина. На овој начин, Винарската визба „Тиквеш“ ја потврдува практичната примена на одрживите принципи и во сегментот на етикетирање.

- Лепилата за етикетите (на акрилна основа или гумена база) се во согласност со меѓународните стандарди, вклучително и FDA 175.105 и препораките на Германскиот сојузен институт за процена на ризици (BfR) XIV.
- Боите и лаковите се произведуваат во согласност со Регулативата на ЕК бр. 1907/2006 (REACH) и барањата/насоките на Европската агенција за хемиски супстанции (ECHA).

## Дрвени палети за складирање и транспорт на производите

Во Винарската визба „Тиквеш“, управувањето со дрвените палети за складирање и транспорт се спроведува со јасен фокус на одржливост, оперативна ефикасност и рационално користење на ресурсите. Компанијата применува систем на **повеќекратна употреба на палети**, со што се продолжува нивниот животен век и се намалува создавањето отпад во логистичкиот процес.

Во текот на 2025 година, анализата на движењето и набавката на палети покажува дека при обновување на палетниот фонд, **приоритет има набавката на половни (second-hand/употребувани) EPAL-палети**, кои повторно се вклучуваат во системот на повеќекратна употреба. Со ваквиот пристап значително се намалува потребата од нови дрвни ресурси, а истовремено се обезбедува функционалност, стабилност и безбедност во складирањето и транспортот на производите.

| Опис | 2024 | 2025 |
| --- | --- | --- |
| Палети EPAL1200x800 Набавка на половни палети | 14.689 | 18.289 |
| Палети EURO 1200x800 Набавка на нови палети | 6.512 | 6.505 |
| Палети 1200 x 800 „повратни палети“ - во систем на повеќекратна употреба | 12.504 | 11.603 |
| Вкупно: | 33.705 | 36.397 |

Набавката на нови палети се задржува на контролирано и стабилно ниво и служи исклучиво за одржување на квалитетот и континуитетот на системот. Паралелно, Винарската визба „Тиквеш“ продолжува активно да користи повратни палети во рамките на моделот на повеќекратна употреба, со што дополнително се оптимизира вкупниот палетен циклус.

Со ваков балансиран пристап - **доминација на повторна употреба и половни палети**, дополнет со стратешка и ограничена набавка на нови - Винарската визба „Тиквеш“ обезбедува и еколошка одговорност и економска ефикасност, придонесувајќи за поодржлив синџир на снабдување и намалување на јаглеродниот отпечаток поврзан со логистичките активности.



## Алуминиумски затворачи

Во Винарската визба „Тиквеш“, алуминиумските затворачи претставуваат **значаен елемент на одрживото пакување и важен дел од пристапот кон еколошки одговорно работење**, без компромис во однос на квалитетот на вината. Поради своите карактеристики и практични предности, тие остануваат еден од главните избори во процесот на пакување и финализација на производите.

Клучната предност на алуминиумот е неговата **висока можност за рециклирање**, со што се поддржуваат намалувањето на јаглеродниот отпечаток и поефикасното користење на ресурсите. Истовремено, алуминиумските затворачи обезбедуваат сигурна бариера од кислород и други надворешни влијанија, што придонесува за зачувување на свежината, стабилноста и интегритетот на виното со текот на времето. Со тоа се продолжува рокот на траење и се намалува ризикот од расипување на производот. Покрај еколошките и техничките аспекти, алуминиумските затворачи нудат и висока практичност за потрошувачите преку лесно отворање и можност за повторно затворање, што позитивно влијае врз целокупното корисничко искуство.




## Плутени затворачи за премиум вина

**Плутените затворачи** претставуваат препознатлив симбол на квалитет и традиција кај премиум вината, а Винарската визба „Тиквеш“ ги применува токму за висококвалитетните вина каде што е особено важно да се зачуваат автентичноста и карактерот на виното. Благодарејќи на своите природни својства, плутата придонесува за стабилноста и интегритетот на производот и го заокружува целокупното искуство при консумирањето на врвните вина.

Плутените затворачи се изработуваат од плутово дрво (специфичен вид даб), што ги **прави природен и обновлив материјал**. Како решение за пакување, плутата е биоразградлива и може да се рециклира, со што се усогласува со определбата на Винарската визба „Тиквеш“ за примена на одржливи практики во изборот на амбалажа и материјали.




## Полиламинатни и PVC-капсули

**Термособирачките капсули Vinilux (PVC)**, иако обезбедуваат ефективно запечатување и естетско дообликување на винските шишиња, не се сметаат за целосно одржливо решение поради нивниот состав на материјалот. Сепак, во индустријата постојат тековни напори за подобрување на нивниот еколошки профил преку користење рециклиран PVC и развој/поддршка на програми за рециклирање на PVC-капсули.

**Вкупна набавка на декоративни капици за 2024 и 2025**

| Опис | 2024 | 2025 | 2025 vs 2024 | |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| ПВЦ Капици | 577.800 | 520.258 | -9,96% | -57.542 |
| ПЛХ Капици | 625.874 | 1.090.893 | 74,30% | 465.019 |
| Севкупно декоративни капици | 1.203.674 | 1.611.151 | 33,85% | 407.477 |




И покрај тоа, одржливоста на PVC-капсулите и натаму останува тема на дискусија, а фокусот сè повеќе се насочува кон алтернативни материјали со слична функционалност, но со понизок еколошки отпечаток.

**Полиламинатните капсули** што ги користи Винарската визба „Тиквеш“ се изработени од полиламинатен материјал **(трислоен филм: алуминиум/полиетилен/алуминиум)** за обвивката и алуминиум за горниот диск. Согласно Европската одлука 97/129/ЕС, овие капсули се категоризирани како композитно пакување од пластика и алуминиум со ознака **C/Alu 90**, што укажува дека основниот материјал е композитен, а доминантниот материјал, според тежината, е алуминиумски.

Во однос на PVC-капсулите, полиламинатните капсули претставуваат поповолна опција од аспект на одржливост, бидејќи овозможуваат баланс помеѓу визуелниот изглед, практичноста и еколошката свест во пакувањето на вината. **Ажурираните табеларни и графички прикази за 2025 година потврдуваат континуиран тренд на зголемена примена на полиламинатни капсули (PLX) во однос на PVC, како дел од постепената транзиција кон поодржливи решенија за пакување**.

## Дрвени буриња

Дрвените буриња се долгогодишен и значаен елемент во производството на врвни вина во Винарската визба „Тиквеш“, кои претставуваат спој на традиција, занаетчиско мајсторство и префинетост. Тие имаат важна улога во процесите на ферментација и созревање, при што придонесуваат за развојот на вкусот, структурата и комплексноста на виното.

Иако остануваат составен дел од традиционалниот пристап во винарството, Винарската визба „Тиквеш“ континуирано го следи и го оптимизира нивното користење во согласност со реалните потреби на производствениот процес. Покрај нивната примена за одлежување на виното, дрвените буриња имаат значајна улога и во созревањето на ракијата, овозможувајќи постепено формирање на нејзиниот препознатлив профил и ароматика.

**Набавка на буриња за вино и ракија за 2024 и 2025**

| | 2024 | 2025 | 2025 vs 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| **Буриња за бело вино** | 63 | 61 | -2 | -3,17% |
| **Буриња за црвено вино** | 280 | 101 | -179 | -63,93% |
| **Буриња за ракија** | 40 | 44 | 4 | 10,00% |
| **Севкупно:** | **383** | **206** | **-177** | **-46,21%** |

Дрвените буриња што ги набавува Винарската визба „Тиквеш“ поседуваат **PEFC™ сертификација**, која потврдува дека материјалите потекнуваат од одговорно управувани шуми и се набавуваат во согласност со одржливи практики. И покрај промените во трендовите и динамиката на набавката (видливи во ажурираните податоци за 2025 година), винарницата останува посветена на балансирање на традицијата со континуирано унапредување, со цел одржување највисоки стандарди во производството на премиум вина и дестилати.



## Амбалажа „ЌЕСА ВО КУТИЈА“ (Bag-in-Box) - Иновации во одржливо пакување: Усогласеност и напредок со „Vitop Uno“

Пакувањето **Bag-in-Box (BiB)** останува значаен дел од пристапот на Винарската визба „Тиквеш“ кон одржливо пакување, обезбедувајќи баланс помеѓу практичност, продолжена свежина на производот и намалено влијание врз животната средина преку полесна конструкција и понизок јаглероден отпечаток во споредба со традиционалните формати.

Во делот на регулаторната усогласеност, Винарската визба „Тиквеш“ продолжува со примената на решенија што се усогласени со барањата на **Директивата (EU) 2019/904** за пластика за еднократна употреба (tethered closures, односно затворачи што остануваат закачени на шишето и по отворањето за пакувања до 3 литри, применливо од 1 јули 2024 година). Притоа, фокусот се задржува на подобрената можност за рециклирање и на поддршката на принципите на циркуларната економија преку избор на соодветни компоненти и материјали.




## Годишна евалуација на стратешки добавувачи

Во текот на 2025 година беше спроведена годишна евалуација на 46 стратешки добавувачи согласно интерната процедура за квалификација и реевалуација. Евалуацијата опфаќа критериуми поврзани со квалитетот, животната средина, безбедноста на храната, енергетската ефикасност и ESG-практиките.

Од вкупно 46 стратешки добавувачи, 28 (60,87 %) имаат имплементирано формализирана ESG-стратегија или документирани ESG-политики. Паралелно, застапеноста на релевантни сертифицирани стандарди кај стратешките добавувачи е следнава:
- ISO 9001 - 69,57 %
- ISO 14001 - 71,74 %
- ISO 22000 - 45,65 %
- ISO 50001 - 23,91 %

Податоците се базираат врз официјално доставена документација и верификација во процесот на годишна процена.

Компанијата продолжува со систематска интеграција на ESG-критериуми во процесите на селекција и управување со добавувачи.

# 3.5 Вклучување на засегнатите страни и анализа на материјалноста

Ние редовно ги вклучуваме нашите засегнати страни, со цел да ги разбереме нивните интереси, да ги вклучиме нивните мислења во нашите активности за одржливост и да го подигнеме нивото на вклучување на засегнатите страни, вклучително и инвеститорите, клиентите и заедниците, во однос на работи поврзани со ESG-стандардите и прашањата поврзани со климатските промени.

Согласно ова, ги спроведовме следниве активности во тесна соработка со нашите внатрешни и надворешни соработници:

- **Истражување/Анкета за задоволство на клиентите** со цел да се измери колку се задоволни засегнатите страни од практиките за управување на Друштвото (види повеќе во Дел 5.1 Задоволство на потрошувачите и клиентите).
- **Консултации за производството на грозје** о нашите партнери/коопераnти беа одржани повеќепати во текот на 2025 година, со цел да дискутираме за заштитата и производството на квалитетно грозје. На состаноците информиравме за следниве цели:
    1. Воведување стандарди за грозјето за потребите на ВВ „Тиквеш".
    2. Критериуми за квалитетот на грозјето, вклучително и состојбата на лозовите насади, приноси, агротехнички активности и берба.
    3. Насоки за контрола на приносот и услови за цените на грозјето.
    4. Протокол за справување со недостигот на вода, потребното време и динамиката на наводнување.
    5. Опсервации и насоки за идентификација и заштита од болести и штетници.
- **Внатрешна процена на материјалноста** - Винарската визба „Тиквеш" спроведе темелна процена на материјалноста со помош на онлајн анкета за да ги собере мислењата од сите внатрешни засегнати страни (вработени, раководен тим, акционери). На внатрешните засегнати страни им беше поставено прашање за извршувањето приоритизирање на 16 идентификувани материјални прашања од аспект на влијанието на Друштвото врз животната средина и општеството, како и влијанието на тие прашања врз работењето на Друштвото.
- **Надворешна процена на материјалноста** - Винарската визба „Тиквеш" успешно спроведе процена на материјалноста со помош на онлајн анкета за прибирање мислења од сите надворешни засегнати страни. Нашето Друштво е гордо на активното учество на надворешните чинители, имајќи предвид дека добивме повеќе одговори од клиенти, регулатори, закуподавачи, инвеститори, другите друштва во индустријата, добавувачи и лозари.

За да се идентификуваат материјалните прашања на Винарската визба „Тиквеш", спроведена беше споредбена анализа за идентификување на најдобрите секторски практики од другите друштва во индустријата во однос на животната средина, општественото влијание и корпоративното управување (ESG). Се изготви онлајн анкета за ESG, која ги опфати мислењата од клучните чинители во однос на материјалните прашања поврзани со ESG.

Одговори доставија различни групи чинители, вклучително и:

- Акционери
- Раководен тим
- Вработени
- Добавувачи на винарницата
- Клиенти
- Финансиски институции
- Други надворешни чинители

## Учество на засегнатите страни/чинителите

Анкетата вклучуваше внатрешни и надворешни чинители во процесот. Винарската визба „Тиквеш" поттикна разновидно учество од сите групи чинители, со цел да осигури сеопфатно разбирање на материјалните прашања од различни перспективи.

## Собирање податоци и анализа

ТЗа да се проценат материјалните прашања, Друштвото собра одговори од чинителите со цел да ја процени нивната важност. Податоците се анализираа за да се идентификуваат темите што се повторуваат, тенденциите и областите за кои има консензус меѓу засегнатите страни. Се користеа техники на квалитативна и квантитативна анализа за да се приоритизираат материјалните прашања врз основа на нивната важност и релевантност за дејноста на Винарската визба „Тиквеш" и за интересите на засегнатите страни/чинители.

## Резултати од процената на материјалноста

Подолу се прикажани резултатите од нашата процена на материјалноста, каде што се нагласени клучните наоди и заклучоци. Резултатите од процената на материјалноста придонесоа за мапирање и развој на стратегијата и акцискиот план на Винарската визба „Тиквеш".

**Винарска визба „Тиквеш" – материјални прашања поврзани со ESG-стандардите**

| | Questions: | Importance to the Company | Importance to the Stakeholders |
|---|---|---|---|
| 1 | Одржливо лозарство | 9,31 | 8,86 |
| 2 | Климатски ризици | 9,13 | 8,34 |
| 3 | Човечки капитал | 9,49 | 8,77 |
| 4 | Здравје, безбедност и добросостојба | 9,36 | 9,07 |
| 5 | Постапки за безбедност на производите | 9,26 | 9,02 |
| 6 | Безбедност на производите за потрошувачи | 9,62 | 9,41 |
| 7 | Задоволство кај клиентите и потрошувачите | 9,49 | 9,36 |
| 8 | Управување со енергија | 8,92 | 8,30 |
| 9 | Одржлив развој | 9,33 | 8,48 |
| 10 | Транспарентност и информирање, деловна етика и политики | 8,87 | 8,18 |
| 11 | Управување со отпад и циркуларна економија | 8,59 | 8,70 |
| 12 | Управување со одговорен синџир на снабдување | 8,79 | 8,59 |
| 13 | Управување со ризици | 8,74 | 8,47 |
| 14 | Управување со води | 8,90 | 8,70 |
| 15 | Вклучување на засегнатите страни/чинители | 8,23 | 8,24 |
| 16 | Корпоративно управување | 8,67 | 8,12 |



# Резултати од аспект на *животната средина*


4.1 Одржливо лозарство

4.2 Систем за управување со енергијата

Следење и управување со енергијата

Проширување на нашите обновливи извори на енергија

4.3 Мерки за енергетска ефикасност

Мерење на емисиите на стакленички гасови

4.4 Искористување и зачувување на водата

4.5 Управување со отпад и циркуларна економија

# 4.1 Одржливо лозарство

За време на бербата 2025, планирано беше да се откупат 31.700.331 кг грозје, а фактички беа откупени и преработени 34.749.814 кг грозје.

Од ова количество, 3.922.542 кг беа преработени на линијата за микровинификација, додека, пак, остатокот од 30.827.272 кг беше преработен на линијата за макровинификација. Големата динамика и сортиментот за откуп бараа голем ангажман на сите учесници во процесот, со цел да се усогласат и да се организираат повеќе аспекти: производителите на грозје/комитентите, транспортот на грозје, приемните грла, како и расположливите капацитети и ресурси во ВВ „Тиквеш“. Главен фокус беше задржувањето на стандардите и критериумите за квалитет. За донесувањето одлука за берба на секоја поединечна сорта се применуваше аналитички пристап со претходен мониторинг на лозовите насади, извештаи од терен, следење на надворешните услови и прогнози, како и лабораториски и сензорни анализи.

**Откупени количини грозје за берба 2025**

| Сорта на грозје | Откупена количина во кг | % учество |
|---|---|---|
| Бели сорти грозје | 23.244.601,00 | 66,89 |
| Црвени сорти грозје | 10.682.663,00 | 30,74 |
| Асталски сорти грозје | 822.550,00 | 2,37 |
| **Вкупно** | **34.749.814,00** | |

**Планирани и откупени количини на грозје за берба 2025 година**

| | Количини |
|---|---|
| План за берба за 2025 год | 31.700.331.00 |
| Договорени количини во килограми | 37.774.300 |
| Откупени количини во килограми | 34.749.814 |
| Purchase plan fulfillment (in percent) | 110% |
| | |
| Број на договори за правни лица | 124 |
| Број на договори за физички лица | 3.398 |
| Вкупен број на договори | 3.522 |

Бербата 2025 е карактеристична по големото количество врнежи и умерените температури во периодот на развој на виновата лоза, како и топлите летни денови до периодот на целосно созревање на грозјето. Како резултат на умерените климатски фактори и нормалниот развој на физиолошката и технолошката зрелост на виновата лоза, бербата започна на 15 август.

Динамика на откуп на грозјето според денови.



**Откупена количина - кг**






## Просечни температури и врнежи според месеци – Барово




## Денови со температури повисоки од 30 °C и 35 °C – Барово




## Просечни температури и врнежи според месеци – Бела Вода, Велес




## Денови со температури повисоки од 30 °C и 35 °C – Бела Вода, Велес



#### Просечни температури и врнежи според месеци – Агровардарие, Гевгелија




#### Денови со температури повисоки од 30 °C и 35 °C – Агровардарие, Гевгелија






# Комуникација со кооперанти

Во 2025 година, ВВ „Тиквеш“ откупи 10.075.524 кг грозје од своите кооперанти, при што винарницата им обезбеди помош при набавка на потребните заштитни средства за успешна заштита на виновата лоза во текот на целата година. Обезбедувајќи им аванс на кооперантите, винарската визба овозможи да се намалат потребите за финансиски средства на лозарите во тој период. Истовремено, винарницата водеше строг мониторинг на употребата на заштитните средства, водејќи сметка да имаат помала каренца и да бидат одобрени за употреба во лозарството.

За Винарската визба „Тиквеш“, постојаната комуникација со кооперантите е од исклучителна важност, со цел справување со предизвиците од надворешните влијанија, како и од болести и штетници на виновата лоза, а во насока на добивање здраво и квалитетно грозје. Комуникацијата со кооперантите се одржува преку работни состаноци, известување со соопштенија на социјалните мрежи, телефонски разговори и комуникација во групи на Вибер.










# Посета на лозови насади

Во текот на 2025 година беа реализирани посети на повеќе од 160 лозови насади на приватни коопераnти, кои винарницата ги следи во текот на целата година. Извршени беа вкупно 806 опсервации, кои се евидентирани во апликацијата 4Grapes, како дел од строгиот мониторинг чија цел е да се добие здраво и квалитетно грозје, кое е потребно за линијата за микровинификација. Опсервираната површина изнесува вкупно 140 хектари од повеќе виногорја и катастарски општини.

- Виногорја: Тиквешко, Велешко, Штипско.
- Катастарски општини: КВГ, Ресава, Бегниште, Возарци, Трстеник, Глишиќ, Марена, Сопот, Неготино, Криволак, Тимјаник, Дисан, Демир Капија, Иванковци, Чичево, Горни Балван.

# Анализа на мостри

**Мерење на количеството шеќер во грозјето пред и за време на берба**

| Вкупно измерени мостри во Катастар Тиквеш | Вкупно земани мостри и обработени во лабораторија | Вкупно мостри од приватни кооперанти | Вкупно мостри од Тиквеш Аграр |
|---|---|---|---|
| 3100 | 962 | 536 | 426 |

# Анализа на почвени примероци

Целта на почвената анализа е да се одреди нивото на нутриенти во почвата. Земањето примероци од почвата се извршува според протокол, во координација со консултантите од компанијата „Перлеуве" (Perleuve). Еден примерок опфаќа вкупна површина од 2 хектари. Целта е прецизно да се утврди недостигот на хранливи материи во одреден дел од почвата и ваквата состојба да се коригира.



За најголема прецизност, почвените примероци се земаат:

1. Пред подигнување лозов насад
2. Од насад во производство

Во 2025 година беа земени вкупно 298 почвени примероци за анализа, опфаќајќи околу 250 хектари лозови насади и тие беа обработени во лабораторијата на ВВ „Тиквеш".

За процесот на земање примероци од почвата, ВВ „Тиквеш" им одржа теоретска и практична настава на учениците од Средното општинско земјоделско-шумарско училиште „Ѓорче Петров" од Кавадарци. Целта беше учениците да се запознаат со типовите почва, со важноста на почвената анализа и со правилното земање примероци. Практичната настава беше одржана во ВВ „Тиквеш" и во „Domaine Lepovo".







# Реализирани подобрувања во 2025 година

**1. Мерење на водниот стрес на 39 лозови насади со помош на гасна комора**

Мерењата се вршеа секоја недела во текот на 2 месеца, а континуираното следење на водниот статус на лозата обезбеди повеќе придобивки, како што се: избегнување сериозен воден стрес на лозовите насади и евентуални последици од аспект на загуба на приносот, добивање јасна слика за водниот статус на лозовите насади и наводнување исклучиво според потребите на лозата.



**2. Инсталирани сонди за мерење на влажноста на почвата на два лозови насади на Бабуна**

Сондите за мерење на влажноста на почвата овозможуваат оптимизирање на наводнувањето и во 2026 година ќе се продолжи со нивна инсталација на поголем број лозови насади.



Клучните придобивки што ги обезбедува овој систем се: прецизно наводнување, заштеда на вода и помош при справување со суша, потоа следуваат подобрена здравствена состојба на виновата лоза и подобар квалитетот на грозјето како резултат на спречениот воден стрес, одржувањето оптимална влажност на почвата и избегнувањето прекумерен вегетативен раст на лозата. На ваков начин се спречуваат негативните влијанија врз развојот и приносот на грозјето, се добиваат избалансирани нивоа на шеќер и киселини во грозјето, како и подобар квалитет на виното.

Исто така, сондите претставуваат исклучително корисна алатка за донесување одлуки базирани врз податоци. Тие овозможуваат агрономите да ги следат различните слоеви на почвата осигурувајќи дека подлабоките корени добиваат соодветна влага, како и да собираат аналитички податоци и историски трендови, со цел да се приспособи распоредот за наводнување секоја година. На тој начин се зголемува ефикасноста и се намалуваат трошоците.

Сите претходно наведени придобивки, како краен ефект ја имаат одржливоста, бидејќи го намалуваат искористувањето вода и енергија и обезбедуваат зачувување на природните ресурси, а со тоа и одржливо лозарство.



**3. Инсталиран систем за поддршка на одлуки (Decision support system) – IrrmaxLive**

Овој систем е поврзан со сондата преку Bluetooth-конекција на самиот лозов насад, прикажувајќи го количеството вода на различна длабочина во почвата.



**4. Инсталиран систем за поддршка на одлуки (Decision support system) – Vintel**

Овој систем е дизајниран со цел да функционира како алатка за агрономите за оптимизација на наводнувањето и подобрување на квалитетот на грозјето. Тие ги внесуваат податоците мануелно по секое наводнување, вклучително и количеството вода искористена за наводнување, заштитните средства и ѓубривото. Системот користи податоци од метеоролошки станици и сателитски снимки во реално време за да обезбеди прецизни податоци за водниот статус на лозата и за потребата од наводнување.

Клучни карактеристики на системот Vintel:

- Го следи водниот стрес на лозата и помага да се оптимизира наводнувањето;
- Обезбедува аналитички податоци во реално време и предвидливост (користи временски прогнози, податоци за влажноста на почвата и модели на евапотранспирација за да ги предвиди идните потреби за вода и овозможува следење на условите на лозјата преку визуелни извештаи и графикони);




- Обезбедува заштеди и одржливост (ја намалува потрошувачката на вода и трошоците за енергија преку спречување на непотребното наводнување и поддржува еколошко лозарство преку промовирање ефикасно управување со лозовите насади).

**5. Инсталиран систем за поддршка на одлуки (Decision support system) за заштита на лозовите насади**

Овој систем овозможува прецизна заштита на лозјата со точно количество заштитни средства, а извршувањето на оваа активност се прави во однос на временските услови, сортата и потребите на самата лоза.

Примената на системот обезбедува низа придобивки:

- Подобра ефикасност на третманот со заштитни средства (третирање во точен момент со точна доза и намалување на ризикот од развој на резистентност кон заштитните средства);
- Намалување на трошоците (помала потрошувачка на препарати, гориво и работна сила, помалку повторни третирања, подобро планирање на заштитата);
- Заштита на животната средина (намалено загадување на почвата и подземните води, заштита на корисни инсекти и биодиверзитет, намалена акумулација на резидуи);
- Подобар квалитет и принос (здрави листови и подобра фотосинтеза, подобро созревање на грозјето, помал процент на оштетени гроздови, повисок квалитет на финалниот производ);
- Подобра контрола преку примена на современа технологија (употреба на метео-станици, следење на временската прогноза и третирање само во поволни услови, таргетирано третирање само таму каде што е потребно);
- Поголема безбедност (намалена изложеност на вработените на штетни материи, подобра контрола на дозирање, усогласеност со законските прописи).

**6. Истражувачка дејност – Анализа на предностите и недостатоците на доцна резидба во однос на нормална (контролна) резидба**

Оваа активност беше спроведена со цел да се согледаат следниве процеси:

- Заштита од мраз – Доцната резидба го одложува развојот на папките, што може да помогне лозата да се развие подоцна и со тоа да се избегне пролетен мраз и загуба на приносот;
- Контрола на принос и квалитет – Доцната резидба може да помогне во балансирањето на енергијата на лозата, потенцијално намалувајќи го прекумерниот вегетативен раст, како и да доведе до формирање помали, но поконцентрирани зрна грозје, подобрувајќи го квалитетот на виното;
- Продолжување на периодот на зреење – Со одложување на отворањето на папките, доцната резидба може да го помести/пролонгира периодот на зреење и на тој начин да помогне да се усогласи/урамнотежи зрелоста на грозјето.



# 4.2 Систем за управување со енергијата

Во 2025 година, Винарската визба „Тиквеш“ го продолжува своето работење во согласност со системот за управување со енергијата во производниот процес. Винарската визба „Тиквеш“ има сертификат за стандардот **ISO 50001 за управување со енергијата во производните зони**. Друштвото поднесува енергетски извештај до надлежните тела. Во август 2025 година е извршена ревизија од страна на сертификационото тело TÜV Nord и потврдени се резултатите и заложбата за управување со енергијата и намалување на потрошувачката на енергија

**ИЕК на МАЗУТ**




**ИЕК на Ел. Енергија**




**ИЕК на ВОДА**



# Следење и управување со енергијата

Винарската визба „Тиквеш“ секојдневно ги следи сопствените **извори на енергија и податоците од производството во производните зони во Кавадарци** во електронски систем за следење и мерење на резултатите. На сликата е прикажан изгледот на софтверскиот интерфејс. Винарската визба „Тиквеш“ континуирано работи на подобрувања во прибирањето и анализата на податоците во однос на енергијата и производството со помош на иновативни технологии

*Инвестираме во енергетски ефикасна опрема, остварувајќи заштеди и зачувувајќи ги природните ресурси*

Работењето на Винарската визба „Тиквеш“ во 2025 година се карактеризира со високо ниво на искористеност на производствените капацитети, стабилна и ефикасна организација на полнењето, зголемено користење обновливи извори на енергија, контролирана потрошувачка на енергенси и вода и јасно следење и управување со емисиите на $CO_2$. Овие показатели ја потврдуваат посветеноста на Винарската визба „Тиквеш“ кон одржливо производство, енергетска ефикасност и еколошка одговорност.







# Проширување на нашите обновливи извори на енергија

Посветеноста на Винарската визба „Тиквеш“ за одржливи енергетски практики се покажува и преку стратешките планови за надградба на соларните панели, подобрување на инфраструктурата за обновлива енергија и транзицијата на корпоративниот возен парк кон хибридни и електрични возила.

За нас, 2025 година беше успешна, со вкупен инсталиран капацитет за обновлива енергија од фотонапонска централа од **2,2 MWp**. Нашите планови за 2026 година предвидуваат инсталирање дополнителни **0,3 MWp**, а нашата крајна стратешка цел е да достигнеме капацитет од **100 % енергија од чисти извори.**

*2,2 MWp инсталирана обновлива енергија во 2025 година*
*Цел: 100 % потрошувачка на енергија од чисти извори на енергија*







**Производство на обновлива енергија**

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Електрична енергија од сопствени фотоволтаици (Кавадарци) (MWh) | 746 | 1.253 |
| Предадена електрична енергија од обновливи извори во мрежата (MWh) | 231 | 1.319 |
| **Вкупно произведена електрична енергија од обновливи извори (MWh)** | **977** | **2.572** |

**Renewable electricity consumed vs Total electricity consumed(%)**

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| **Потрошена електрична енергија од обновливи извори наспроти вкупно потрошена електрична енергија (%)** | **23%** | **38%** |

Сметано од нашата базна 2022 година, вкупното зголемување е 15 % п.п.

## Идни планови за производство на обновлива енергија и воведување нови инвестиции

Декарбонизацијата на енергијата што е потребна за редовна економска активност продолжува да биде предизвик за компаниите. Слично како и многу други компании, така и Винарската визба „Тиквеш“ е зависна од електрична енергија од дистрибутивната мрежа, со која се поврзани значителни емисии во Северна Македонија. Двата големи потрошувачи на топлина, кои придонесуваат и за емисиите на стакленички гасови на Винарската визба „Тиквеш“, се дестилеријата и концентраторот на гроздов сок, кои користат пареа. За да се елиминира парниот бојлер и да се намалат овие емисии, Винарската визба „Тиквеш“ ќе инвестира во нова вакуумска дестилерија и вакуумски концентратор на сокови. Тие трошат 70 % помалку енергија за истиот процес и ќе бидат напојувани со електрична енергија. Новата технологија ќе го подобри квалитетот на производите и ќе ја зголеми безбедноста, но еднакво важно е и тоа што таа ќе ги намали емисиите на $CO_2$ за 1 000 тони, намалувајќи го и загадувањето на воздухот.

Новата фотонапонска електрана ќе ги снабдува речиси сите енергетски потреби на винарницата преку одржлив извор на енергија, а производите и услугите на компанијата нема да бидат под влијание на променливите цени на пазарот на електрична енергија. На тој начин ќе се обезбеди извесна иднина за трансформација на Винарската визба „Тиквеш“ во зелена винарница, како и за зголемување на конкурентноста на компанијата и исполнување на нејзините заложби за општествена, еколошка и економска одржливост.



# 4.3 Мерки за енергетска ефикасност

Винарската визба „Тиквеш“ е посветена на континуирано подобрување во управувањето со енергијата. Редовно ги ревидира и ги ажурира практиките во овој домен и ги вклучува новите технологии и методологии со цел одржливоста да биде целосно интегрирана во активностите.

Се унапредуваат практиките за зголемување на енергетската ефикасност и се анализира внатрешната потрошувачка преку внатрешни процени и ревизии од надворешни субјекти во седиштата на винарницата.

**Годишна потрошувачката на енергија***

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Вкупно потрошена електрична енергија од мрежа (Кавадарци + Скопје) (MWh) | 2.452 | 2.184 |
| Електрична енергија од сопствени фотоволтаици (Кавадарци) (MWh) | 746 | 1.256 |
| Потрошен мазут во процесот (MWh) | 3.612 | 3.444 |
| **Вкупно количество потрошена енергија (MWh)** | **6.810** | **6.884** |

*Енергетските показатели се однесуваат на Винарската визба „Тиквеш“ и на канцеларијата на винарницата во Скопје.

Вкупната потрошувачка на енергија во споредба со базната 2022 година е во ист обем, но во 2025 година може да се забележи подобар однос на искористеност на енергијата од фотонапонската централа. Вкупниот сооднос на енергетскиот интензитет повторно останува во предвидените граници од 0,4 (KWh/литри вино).

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Вкупен сооднос на енергетски интензитет (вкупно) (KWh/литри вино) | 0,4 | 0,4 |

# Вкупна потрошувачка на енергија и искористување на обновливата енергија

**Renewable electricityvs Total energy consumed**

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| **Електрична енергија од обновливи извори наспроти вкупно потрошена енергија** | **9,6%** | **18,2%** |

Континуирано подобрување на искористеноста на обновлива енергија во периодот од инсталацијата на фотоволтаичната централа во 2022 до 2025 година.

**Renewable electricityvs Total energy consumed**

| | 2022 базна година | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|
| **Електрична енергија од обновливи извори наспроти вкупно потрошена енергија** | **9,6%** | **12,3%** | **17,3%** | **18,2%** |

**Потрошувачка на електрична енергија**

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Вкупно потрошена електрична енергија од мрежата (MWh) | 2.452 | 1.936 |
| Електрична енергија од сопствени фотоволтаици (Кавадарци) (MWh) | 746 | 1.256 (38% производство од сопствени обновливи извори) |
| **Вкупно потрошена електрична енергија (MWh)** | **3.198** | **3.192** |

Споредено со 2022 година (базна година), во 2025 година е потрошено исто количество електрична енергија, бидејќи двете години се карактеризираат со зголемено производство на вино и преработка на грозје.

Во споредба со 2022 година, во 2025 година има подобра комбинација на искористена електрична енергија од обновливи извори (23 % - 2022 г., наспроти 38 % - 2025 г.).

Соодносот на енергетскиот интензитет на литар производ е ист во 2022 и во 2025 година и се движи во границите од **0,16 (KWh/литри вино)**.

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| **Renewable electricity consumed vs Total electricity consumed(%)** | **23%** | **38%** |



# Показатели за мазут

Во 2025 година е потрошено приближно исто количество мазут во споредба со 2022 година (базна година), при што и двете години се карактеризираат со зголемено производство на вино и процес на дестилирање.

Соодносот на енергетскиот интензитет на литар производ бележи мало подобрување во 2025 година и се движи во границите од **0,68 (KWh/литри вино)**.

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| **Соднос на енергетски интензитет за процесот на дестилација (KWh/литри вино)** | **0,69** | **0,68** |

Континуираните напори на Винарската визба „Тиквеш“ за трансформација на возниот парк и користење хибридни и електрични возила се јасно видливи преку намалувањето на потрошувачката на гориво дизел во 2025 година. Возниот парк сега вклучува 10 хибридни и 5 електрични возила. Во 2026 година, винарницата планира натамошно проширување на возниот парк со хибридни и електрични возила.

**Потрошувачка на гориво од службениот возен парк**

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Вкупно потрошено гориво дизел (MWh) | 637 | 631 |
| Вкупно потрошен гориво бензин (MWh) | 225 | 315 |
| Вкупно потрошено гориво LPG (MWh) | 129 | 110 |
| **Вкупно потрошено гориво (MWh)** | **991** | **1.056** |

Забелешка: Показателите за горивото се однесуваат на седиштето на Винарската визба „Тиквеш“ и на канцеларијата на винарницата во Скопје.

## Мерење на емисиите на стакленички гасови

Вкупните директни и индиректни емисии на компанијата се категоризирани како емисии во Опсег 1, Опсег 2 и Опсег 3:

**Емисии во Опсег 1:** Директни емисии од сопствени или контролирани извори, вклучително и статично согорување (горива и извори за загревање), мобилно согорување (возила), дифузни емисии (кои се резултат на истекувања од разладните системи или клими) и процесни емисии од индустриските процеси.

**Емисии во Опсег 2:** Индиректни емисии од откупена електрична енергија, топлина или пареа.

**Емисии во Опсег 3:** Други индиректни емисии што се појавуваат во вредносниот синџир на Винарската визба „Тиквеш“ и оние што им претходат и оние што се последователни на оперативните активности на винарницата.

**Емисиите на стакленички гасови во Опсег 1, Опсег 2 и Опсег 3 во производната зона** се презентирани за најмалку **две извештајни години**. Референтната година за пресметка на стакленичките гасови е 2022 година.

**Мерењето на емисиите на CO2 се врши само во Винарската визба „Тиквеш“ во Кавадарци** и во канцелариите во Скопје за производство и она што е флаширано во литри, кое претставува количество/волумен.

Вкупните емисии на $CO_2$ во 2025 година се резултат на предизвиците од бербата, производството и преработката на грозје, предизвикани од климатските промени, заедно со напорите на винарницата за намалување на влијанието врз животната средина.

**Емисии на стакленички гасови**

| | | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|---|
| Емисии во Опсег 1 | [MTCO2e] | 6.003 | 4.950 |
| Емисии во Опсег 2 | [MTCO2e] | 1.079 | 898 |
| Емисии во Опсег 3 | [MTCO2e] | 27.945 | 23.337 |
| **Вкупно емисии на $CO_2$** | **[MTCO2e]** | **35.027** | **29.184** |
| Соодност на интензитетот на емисиите на јаглерод | [kgCO2e/литри вино] | 2,28 | 1,86 |

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Соодност на интензитетот на емисиите на јаглерод [kgCO2e/литри вино] | 2,28 | 1,86 |



# 4.4 Искористување и зачувување на водата

*"Винарската Визба 'Тиквеш' го поплочува патот до дигиталната иднина и одржливото лозарство за другите винарници во регионот."*

Винарската визба „Тиквеш“ вложува огромни напори за рационално користење на водата во производствениот процес. За постигнување на оваа цел, најголемо влијание има наводнувањето на лозовите насади. Доколку не се преземат активности за оптимално користење на водата при наводнувањето, постојат големи шанси да се троши прекумерно количество вода. За таа цел, Винарската визба „Тиквеш“:

- Користи системи за наводнување „капка по капка“ за директно носење вода во коренот на виновата лоза. Ваквиот таргетиран пристап ги намалува загубите на вода и овозможува ефикасно искористување на водата. За наводнување се користат пет бунари, при што 75 % од површините на лозовите насади на Винарската визба „Тиквеш“ се наводнуваат со системот „капка по капка“;
- Преку соработка со експерти од Италија, Франција и од Словенија за производството на грозје и процесите во лозарството, ги унапредува своите знаења и искуства во доменот на оптималното наводнување на виновата лоза;
- Ги проширува знаењата и искуствата на голем дел од лозовите насади на партнерите/субјектите и лозарите со кои винарската визба има долгогодишни партнерски односи, овозможувајќи рационално користење на водата за наводнување, како на сопствените, така и на останатите лозови насади во Тиквешкиот Регион.

Со воведувањето на овие иновации, Винарската визба „Тиквеш“ ја има водечката улога во создавањето реални услови за долгорочен, одржлив развој на домашното лозарство и винската индустрија.

*“Интегрирањето на дигитализацијата и модернизирањето на домашното лозарство неизбежно позитивно ќе влијаат врз македонската винска индустрија”*

## Показатели за водата

Винарската визба „Тиквеш“ ја следи потрошувачката на вода на месечна основа. Во 2025 година, вкупната потрошувачка на вода беше **121 203 м³**. Показателите за водата се однесуваат на Винарската визба „Тиквеш“ во Кавадарци и за канцеларијата на винарницата во Скопје.

**Потрошувачка на вода**

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Вкупно потрошена вода („Тиквеш“ - Кавадарци + Скопје) (м³) | 106.023 | 121.203 |

Во 2025 година е забележана зголемена потрошувачка на вода во однос на базната 2022 година и тоа се должи на поголемиот откуп и преработка на грозје. Сепак, соодносот на водениот интензитет литар вода/литар вино е намален и изнесува 6,42, со што се потврдува заложбата за ефикасно и домаќинско користење на водата во сите процеси во Винарската визба „Тиквеш".

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Соодност на воден интензитет (литри вода/литри вино) | 6,94 | 6,42 |

## Систем за прочистување на отпадните води

Винарската визба „Тиквеш" спроведува активности за намалување на потрошувачката на вода, за зголемување на циркуларноста на водата и зачувување на водните ресурси. За таа цел, Винарската визба „Тиквеш" има систем за прочистување/таложење на отпадната вода од винарницата, кој врши третман и прочистување на водата што се користи во винарницата пред таа да биде пуштена во животната средина.

Винарската визба „Тиквеш" се придржува кон релевантното законодавство и двапати годишно врши ревизии на третманот на отпадните води. Овој процес се случува во април и во периодот со највисок интензитет на производството на Винарската визба „Тиквеш" (август – октомври). Сегментот за подобрување во оваа област се автоматизацијата, мерењето и ниските параметри.





# 4.5 Управување со отпад и циркуларна економија

Политиките и програмата за управување со животната средина, вклучително и Б-интегрираната еколошка дозвола првично беа воспоставени во Винарската визба „Тиквеш" во 2011 година, а во 2025 година беа обновени по третпат, со рок на важност од 7 години.

Програмата за управување со отпадот првично беше воспоставена во 2015 година, со обновување на секои 3 години, а последната важи до 2026 година. Винарската визба „Тиквеш" поднесува извештај за заштитата на животната средина до надлежните органи и ги врши сите мерења и контроли според програмата на Б-интегрираната дозвола. Компанијата постојано ги унапредува практиките за рециклирање и одржливо управување со отпадот.

**Видови отпад**

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Комунален отпад (тони) | 84 | 113 |
| Отпад од преработено грозје (тони)<br>Рециклиран отпад од преработено грозје 95 % во 2025 година | 4.350 | 3.987 |
| Отпад од амбалажа од производ на пазарот по употреба<br>(на пазарот во Македонија) (тони) | 2.960 | 2.842 |

*"Органскиот отпад го даваме во фабрика за метан во Градско, која произведува топлотна енергија, а нуспроизводот е компост што се враќа во 'ТИКВЕШ' и се користи како ѓубриво за лозовите насади"*

## Од отпад до енергија и циркуларност

Во бербата во 2025 година, Винарската визба „Тиквеш" имаше 3.987.000 кг отпад од преработено грозје, кој беше рециклиран во претпријатие за производство на метан и цврсто ѓубриво со кое соработува винарницата. Произведеното ѓубриво во ова претпријатие понатаму ќе се користи на лозовите насади.

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Рециклирање отпад по преработка на грозје | 0% | 95% |

Винарската визба „Тиквеш" е една од основачите на непрофитна организација што работи со отпад од амбалажа по употребата на своите производи.

Материјалите за амбалажа се собираат од страна на овластени претпријатија и поголемиот дел од тој отпад се рециклира. За 2025 година, процентот на рециклиран отпад од амбалажа изнесува 67 %.

| | 2022 базна година | 2025 |
|---|---|---|
| Рециклирање отпад од амбалажа | 55% | 67% |



# Резултати во однос на *влијанието врз општеството*


5.1 Задоволство на клиентите и потрошувачите

5.2 Вработување и трудови практики

5.3 Здравје, безбедност и добросостојба

5.4 Вклучување на заедницата

# 5.1 Задоволство на клиентите и потрошувачите

Задоволството на купувачите и потрошувачите е клучен елемент на ESG-пристапот на Винарската визба „Тиквеш“. Тоа одразува колку добро ги исполнуваме очекувањата за квалитет на производите, транспарентност, одговорна комуникација и сигурност на услугата низ различните пазари и канали за продажба. Задоволството го третираме и како резултат на дисциплинирано управување со квалитетот и како директен инпут во донесувањето одлуки, користејќи структурирана повратна информација за подобрување на производите, пакувањата и целокупното искуство на брендот.

## Како слушаме и како користиме повратна информација

Применуваме пристап на прибирање информации од повеќе извори, кој комбинира повратни информации од купувачите со увид во преференциите на потрошувачите, вклучувајќи:

- **Директен контакт со купувачите на HoReCa**, за разбирање на перформансите на производот и очекувањата за услуга;
- **Редовни теренски посети од нашите продажни тимови**, собирајќи практични повратни информации од партнерите во малопродажбата и угостителството;
- **Периодично истражување за консумацијата и перцепцијата**, за следење на промените во преференциите на потрошувачите и трендовите во одделните категории;
- **Фокус-групи и тестирање на потрошувачите пред лансирањето производи**, tза да се намали ризикот од неусогласеност при воведување иновации;
- **Селективни напредни алатки за тестирање**, (каде што е релевантно), за да се потврди како потрошувачите ги толкуваат сигналите за брендирање и комуникацијата на производите.

Паралелно, продолжуваме да ги зајакнуваме формалните патишта за обезбедување повратна информација со цел да ја подобриме транспарентноста и да овозможиме побрза реакција кога се појавуваат прашања.

## Фокус во 2025 г.: Инклузивен развој на производи и именување брендови врз основа на информации од засегнатите страни

### 1) Makarija: Нов секојдневен вински бренд

Во 2025 година, Винарската визба „Тиквеш“ го лансираше виното **Makarija**, ново вино позиционирано во класичниот/секојдневниот сегмент, чие име беше селектирано во структуриран, инклузивен процес со вклучување на засегнатите страни.

**Како беше развиено името**

- Беше подготвен **список на имиња** од **референтни лозови насади/локалитети** поврзани со сортите грозје што се составен дел од виното.
- Кратката листа беше тестирана преку **внатрешни** анкети што вклучуваа **вработени и членови на продажниот тим**, со придонес од **избрана група дистрибутери.**
- Потоа следуваше **надворешно тестирање** меѓу **потенцијал ни потрошувачи** на **четири пазари: Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска.**
- Конечната одлука ги комбинираше **внатрешните и надво решните резултати**, избирајќи го **Макарија** како најпосакувана опција.

**Зошто е важно ова**
**Овој процес покажува како Винарската визба „Тиквеш“ ги инте грира перспективите на засегнатите страни што го обликуваат успехот на пазарот во донесувањето одлуки за одреден бренд. Тоа ја зајакнува усогласеноста меѓу организацијата и нејзините партнери на патот на производите до пазарот, истовремено обез бедувајќи рано вклучување на преференциите на потрошувачите и на тој начин поддржувајќи поодговорен развој на производи и комуникација на повеќе пазари.**

### 2) Tikveš Premium Macedonian Spirits: бренд-платформа создадена за раст

Во 2025 година ја унапредивме нашата стратегија за жестоки пијалаци преку **Tikveš Premium Macedonian Spirits**, нов чадор-бренд за портфолиото на жестоки пијалаци на Винарската визба „Тиквеш“. Во моментов опфаќа **ракии и вињаци** и е дизајниран со цел да може да **се проширува** со развојот на портфолиото.

**Истражувачки пристап**

- **Внатрешните анкети** обезбедија информации од тимовите што се непосредно вклучени во развојот на брендови (вклучувајќи и комерцијални функции).
- **Ограничената надворешна анкета** обезбеди информации главно од **деловни партнери во Северна Македонија и во Србија**, чија цел беше да се добијат сознанија во однос на јасноста, усогласеноста со очекувањата за категоријата и одзивот на пазарот.

**Резултати**

- За ракиите беше избран и лансиран брендот **Кумова** како нов модернизиран идентитет, задржувајќи ги воспоставениот квалитет и автентичниот вкус. Овој бренд ги вклучува:
  - **Кумова Жолта** (континуитет на најпродаваната жолта лозова ракија);
  - **Кумова Бела** (свеж, елегантен стил усогласен со актуелните регионални преференции);
  - **Кумова Резерва** (највисок израз на мајсторството за производство на ракија);
  - **Кумова Традиционална** (силен, чист и овошен израз на традицијата).
- За вињаците беше потврдено името **Lyxa**, предложено од француската креативна агенција **Appartement 103. Плани рано е Lyxa да се лансира на пазарот во 2026 година**.

**Зошто е важно ова**
**За жестоките пијалаци, кај кои автентичноста, наследството и одговорната комуникација се од суштинско значење, овој прис тап поддржува:**

- **Подобра усогласеност на засегнатите страни**, особено меѓу внатрешните тимови и партнерите за пристапот до пазарот,
- **Поголема јасност за потрошувачите** преку конзистентно именување и позиционирање на брендовите; и
- **Намален ризик** од предизвици во реализацијата на пазарните активности преку избор на бренд врз основа на информации добиени од пазарот.

## Заштита на потрошувачите и одговорна комуникација

Задоволството на потрошувачите е неразделно од довербата. Нашиот пристап им дава приоритет на обезбедувањето јасни информации за потрошувачите, транспарентното етикетирање и одговорните маркетинг-практики што поддржуваат информиран избор за сите наши категории производи.

## Перспектива

Ќе продолжиме да го зајакнуваме нашиот систем за обезбедување повратни информации од купувачите и потрошувачите со фокус на:

- Поструктурирано собирање повратни информации преку различните продажни канали и пазари;
- Тестирање на потрошувачите во раните фази од развојот на иновации; и
- Обезбедување побрзи патишта за одговор и за решавање жалби и коментари.

Овие принципи ќе послужат како **основа за нашите идни ESG-иницијативи**, обезбедувајќи Винарската визба „Тиквеш“ да остане лидер во **одговорното производство, одржливите деловни практики и задоволството на клиентите**.

## Безбедност на потрошувачите и одговорна консумација

Како одговорен производител, Винарската визба „Тиквеш“ им обезбедува сеопфатни информации на потрошувачите за своите производи, неограничени на законските барања и дава **подетални информации за одговорно консумирање, технички спецификации и информации за потеклото на лозовите насади**.

За Друштвото, приоритет е **безбедноста на потрошувачите**, при што се користат посебни **ознаки што се однесуваат на здравјето на потрошувачите и предупредувања наменети за бремени жени**. Дополнително, со цел да се промовира еколошката одржливост, се употребуваат и **симболи за рециклирање**. Преку придржување на овие строги стандарди и практики, Винарската визба „Тиквеш“ не само што ги унапредува довербата и лојалноста кај потрошувачите, туку, исто така, придонесува за културата на одговорно консумирање. Со посветеноста кон транспарентност и одговорен маркетинг, Винарската визба „Тиквеш“ поставува стандард за етички деловни практики во винската индустрија и ја зацврстува својата позиција како лидер во економската успешност и одржливост.

Винарската визба „Тиквеш“ планира да воведе отворена телефонска линија со цел потрошувачите да може да поднесуваат поплаки и коментари. Телефонскиот број на отворената линија и е-поштата ќе бидат ставени на фактурата, на веб-страницата и на производот. Ќе биде изготвена онлајн апликација со цел нашиот продажен тим да може да прима формални коментари од клиенти од самата локација. За давање повратни информации/коментари ќе бидат предвидени награди со производите на ВВ „Тиквеш“

*Винарската визба „Тиквеш“ обезбедува квалитет и безбедност на производот и им дава информации на потрошувачите за одговорно консумирање*






# 5.2 Вработување и трудови практики

Винарската визба „Тиквеш“ ги применува највисоките стандарди за своите вработени, обезбедувајќи праведни плати, сеопфатни бенефиции и можности за континуирана обука и развој.

Винарската визба „Тиквеш“ препознава дека вработените се камен-темелник на нејзиниот успех и достигнувањата. Нејзината посветеност на трудовите практики и вработувањето покажува дека целта на Друштвото е создавање работна средина што ќе му овозможува поддршка и инклузија на секој поединец.

## Вреднување на нашите вработени

**Бенефиции за вработените**

- Приватно здравствено осигурување
- Службени возила
- Дневен надоместок
- Попусти за купопродажба
- Сезонски подароци и подароци за празници
- Психолошка поддршка за вработените
- Активности за вмрежување и вклучување

Друштвото цврсто верува дека посветеноста на вработените и експертизата играат клучна улога за успехот на винарницата. Нивната страст за произведување вино и нивната заложба за извонредност се клучни за работењето на ВВ „Тиквеш“.

За да ги изрази своите благодарност и поддршка, Друштвото нуди низа бенефиции за вработените што се создадени за подобрување на нивната добросостојба и квалитетот на живеење. Како дел од напорите за одговор на нутритивните потреби на вработените, Винарската визба „Тиквеш“ обезбедува еден бесплатен оброк за сите вработени во текот на смените, а со тоа го негува духот на пријателство и заедништво. Препознавајќи ја важноста за олеснување на пристапноста, се покриваат трошоците за транспорт за вработените што живеат далеку од винарницата, со цел да може удобно и безбедно да стигнат до работното место. ВВ „Тиквеш“ се грижи за здравјето и добросостојбата на своите вработени и овозможува сеопфатно приватно здравствено осигурување, а со тоа на вработените им нуди сигурност и пристап до квалитетни услуги на здравствена заштита.

Имајќи ја предвид важноста од мобилност, Винарската визба „Тиквеш“ им обезбедува службени возила на своите вработени со цел да може секојдневно лесно да патуваат за службени потреби. Овие возила се поделени во две категории:

**Службени возила** што се исклучиво наменети за деловни и службени цели, со цел ефикасност и удобност при исполнувањето на работните обврски.

**Службени возила за сопствени потреби**, достапни 24/7, кои нудат флексибилност и удобност за сопствени потреби, со цел транспорт на вработени надвор од работното време.

## Зајакнување на тимот на ВВ „Тиквеш“

Дополнително, покрај материјалните бенефиции, Винарската визба „Тиквеш“ се стреми кон зајакнување на членовите на тимот преку негување култура на доверба, почитување и континуиран раст. Друштвото активно поттикнува отворена комуникација, соработка и можности за професионален развој, со цел да се унапредува нивниот потенцијал и да се поддржат нивните цели во однос на кариерата.

## Негување праведност и правичност

Приоритет се праведноста, правичноста и достоинството на сите вработени. Клучно за оваа заложба е непоколебливата посветеност на ВВ „Тиквеш“ да обезбеди праведни плати за сите вработени.

## Праведни плати

Во Винарската визба „Тиквеш“, праведните плати се морален императив. Вработените во Друштвото се срцето и душата на винарницата и се препознава нивниот значителен придонес за успехот на ВВ „Тиквеш“. Секој член во тимот добива плата што е соодветна на неговите вештини, искуство и доминантните нивоа на пазарот. Винарската визба „Тиквеш“ силно верува во праведен надоместок што ја одразува вредноста на работата на вработените и им овозможува поддршка за нив и за нивните семејства.

## Еднаквост и инклузија

Заложбата на Друштвото за праведни плати не се ограничува само на обезбедувањето надоместок, туку е вкоренета во пошироките напори за негување еднаквост и инклузија кај вработените. Винарската визба „Тиквеш" се стреми да создаде средина каде што сите вработени, без оглед на тоа од каде доаѓаат или каков е нивниот идентитет, ќе имаат еднакви можности за напредување, признание и професионален раст.

## Континуирано подобрување

Винарската визба „Тиквеш" врши редовни ревизии и ажурирање на политиките за плати, со цел да осигури дека тие и натаму се конкурентни, правични и во согласност со вредностите на винарската визба.

Посветеноста на Винарската визба „Тиквеш" во однос на трудовите практики и вработувањето ги надминува минималните барања за усогласеност. На вработените во ВВ „Тиквеш" се гледа како на интегрални партнери на патот до одржливост и успех на Друштвото. ВВ „Тиквеш" останува на својата заложба да им овозможи работна средина во која ќе бидат поддржувани, наградувани и исполнети. Преку сеопфатните бенефиции за вработените и културата за работна средина што ги поддржува, целта на Друштвото е да ги зајакнува членовите на својот тим со цел да се развиваат и професионално и приватно, обезбедувајќи им добросостојба и придонесувајќи за континуиран просперитет на винарницата.

| Состав на работната сила | Параметар на разликување | Процент |
|---|---|---|
| Според пол | Мажи | 57 |
| | Жени | 43 |
| Според старосна група | До 29 години | 11 |
| | 30-54 години | 70 |
| | 55 години и постари | 19 |
| Според географска област | Лоцирани во Скопје | 16 |
| | Лоцирани во Кавадарци | 84 |
| Според национална припадност | Македонци | 196 |
| | Албанци | 3 |
| | Турци | 1 |
| Вкупно просечен број вработени | | 200 |
| Просечен број ангажирани сезонски работници во 2025 година | | 29 |
| **Стапка на задоволство кај вработените** | | **70** |
| **Стапка на задржување вработени** | | **88,5** |
| **Промена на работната сила** | | **11,5** |



# 5.3 Здравје, безбедност и добросостојба

Винарската визба „Тиквеш" континуирано ги подобрува системите што им обезбедуваат здравје и безбедност на нејзините вработени и соработници, како и безбедност на нејзините производи. Дополнително, го шири својот капацитет за обработка и постојано инвестира во иновативна инфраструктура и технологија за производство и за продажба. Целта на Друштвото е да им овозможи безбедна средина на своите вработени и ги презема сите мерки за спречување повреди и опасности по здравјето. Во 2024 година имало вкупно 2 несреќи, а во 2025 година не се регистрирани несреќи.

| Број на несреќи во 2024 година | Број на несреќи во 2025 година |
|---|---|
| 2 | 0 |

## Промовирање безбедност и одговорност

Приоритет се безбедноста и добросостојбата на вработените и на потрошувачите. Посветеноста на Винарската визба „Тиквеш" во однос на трудовите практики и вработувањето ја опфаќа безбедноста на вработените, како и нивните здравје и благосостојба.

## Безбедност на производот и здравјето на потрошувачите

Друштвото ја разбира важноста од безбедност на производот со цел заштита на здравјето на потрошувачите. Преку строги мерки за контрола на квалитетот и придржување кон стандардите во индустријата, Винарската визба „Тиквеш" води сметка за највисоките стандарди за безбедност на производите за сите свои брендови. Во текот на периодот на известување, ВВ „Тиквеш" со задоволство може да информира дека немало несреќи или пријави во врска со здравјето на некој потрошувач.

## RПрактики за одговорна консумација

Како застапници за одговорна консумација, Винарската визба „Тиквеш" промовира култура за едукација и информираност на потрошувачите. Преку едукативни кампањи и практики за одговорно рекламирање, Друштвото се стреми кон поттикнување одговорно консумирање алкохол и намалување на штетните влијанија од алкохолот во заедниците.

## Поддршка за нашите потрошувачи

Винарската визба „Тиквеш“ планира да воведе телефонска линија за поддршка, со цел да обезбеди:

1. Поддршка и помош при злоупотреба на алкохол за да се овозможат насоки и ресурси за поединците што се борат со проблематична консумација на алкохол.
2. Помош со информации и услуги за поддршка што ќе се нудат за намалување на негативните влијанија врз здравјето поради консумирање алкохол.
3. Промовирање на политиката за одговорна консумација на алкохол преку телефонската линија за поддршка/помош, со цел да се промовираат и да се поттикнат практики на одговорно консумирање алкохол во заедницата;
4. Психолошка помош преку телефонската линија за поддршка/помош, преку која ќе се нудат услуги за поединците што имаат психички проблеми поврзани со консумирањето алкохол;
5. Промовирање на политиката „Не пиј ако возиш“ и информирање за подигнувањето на свеста во врска со опасностите од возење во алкохолизирана состојба и поттикнување одговорно однесување зад воланот.

## Усогласеност со безбедноста и здравјето

Трудовите практики на кои е посветена Винарската визба „Тиквеш“ ги опфаќаат здравјето и безбедноста на своите вработени. Друштвото со гордост соопштува дека во периодот на известување немало казни за прашања поврзани со здравјето и безбедноста од страна на државни надлежни институции. Овој резултат покажува дека пристапот на ВВ „Тиквеш“ е проактивен за одржување безбедни работни услови и усогласеност со релевантните регулативи. Исто така, во периодот на известување немало пријава/инцидент во однос на здравјето на потрошувачите.





# 5.4 Вклучување на заедницата

Својата лидерска улога Винарската визба „Тиквеш“ ја разбира како одговорност за обезбедување одржлив развој на целокупната индустрија и на сите учесници во рамките на производствениот синџир, но и на поширокото окружување.

Винарската визба „Тиквеш“ континуирано спроведува активности за развој на винарството и лозарството, обезбедува поддршка и едукација на лозарите и активно работи на развој на винската култура. Компанијата им овозможува професионален развој и благосостојба на своите вработени и создава вредност за локалната заедница, за партнерите и за соработниците, како и за економијата во целост.

Винарницата континуирано вложува во развојот на млади таленти во културата и во уметноста и обезбедува поддршка на значајни културно-уметнички настани и институции, кои се одликуваат со долгогодишна традиција и реноме и придонесуваат за зачувување на македонските вредности.

Винарската визба „Тиквеш“ редовно организира настани и иницијативи со кои придонесува за развој на винската култура и промоција на македонското вино. Винарницата организира едукативни настани за различни целни публики и соработува со образовни институции за унапредување на квалификациите, знаењето и експертизата во доменот на лозарството и винарството.

Дополнително, активностите за вклучување на заедницата и за позитивен придонес кон нејзиниот развој вклучуваат и волонтерски иницијативи и помош на ранливи категории граѓани. На ваков начин, ВВ „Тиквеш“ продолжува да ја зајакнува својата заложба за општествената одговорност и партнерството со заедниците во кои дејствува.

Во продолжение, дел од активностите:

## Обуки за идните вински професионалци

Ние од Винарската визба „Тиквеш“ ја препознаваме важноста за развој на идните професионалци во земјоделството и во производството на вино. Како дел од нашата посветеност на актуализирање на земјоделството и производството на вино (како перспективни професии) и развојот на таленти во таа област, соработуваме со средното земјоделско училиште од Кавадарци, СОЗШУ „Ѓорче Петров“, овозможувајќи континуирана практична обука на учениците во нашата винарница. Преку оваа иницијатива, учениците стекнуваат вредно работно искуство, се запознаваат со вистинските работни процеси во винарницата и добиваат подлабоко разбирање за индустријата.

Во текот на учебната 2024/2025 година се реализираше практична настава во рамките на предметот „Учење преку работа кај работодавач“. Тимот на ВВ „Тиквеш“ и наставниците од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ изработија детален план за реализација на практичната настава и динамиката на доаѓање на учениците во компанијата, со цел таа да се одвива организирано, ефикасно и во согласност со работните процеси во ВВ „Тиквеш“.

**Учениците беа ангажирани на следниве работни позиции:**

| | |
|---|---|
| Сектор Примарна преработка | Трансфер на вино |
| Сектор Лабораторија | Аналитика на вино |
| Сектор Финализација | Стабилизација на вино; Филтрација на вино; Бистрење/трансфер на вино; Хигиена и конзервација на машини |
| Сектор Полнилница | Полнење вино/стерилно одделение; Депалетизирање вино; Етикетирање вино; Палетизирање вино; Визуелна контрола на продукт |
| Магацинско складирање и конфекционирање со акцизни маркици | Магацин за готов производ; Магацинско работење со вино |

Во практичната настава беа вклучени вкупно 25 ученици од образовните профили Агротехничар и Фитомедицинар, распределени согласно претходно утврден план според работни позиции.

Дополнително, во рамките на практичната настава беше реализирана и настава на терен, при што учениците учествуваа во копање и анализа на почвени профили, во координација со агрономите на ВВ „Тиквеш“. Оваа активност овозможи продлабочување на знаењата од областа на педологијата и директно поврзување на теоријата со практиката во реални услови.

Исто така, винарницата ангажираше ученици што се вклучија во работните процеси со платена пракса, и тоа: четворица ученици во РЕ Полнилница, двајца во РЕ Примарна преработка, двајца во Лабораторија и еден во Продажба. Нивниот ангажман беше финансиски компензиран со истата сума што ја добиваат другите оператори што се ангажирани за привремена работа во компанијата..







## Учество на конференции и панел-дискусии

Со цел подигнување на важноста на ESG-управувањето – одржливост, како дел од корпоративното управување, во 2025 година Винарската визба „Тиквеш“ учествуваше на неколку домашни и меѓународни конференции и панел-дискусии, споделувајќи ги своите искуства со другите компании.




## Светски ден на вранецот

И во 2025 година Винарската визба „Тиквеш“ беше дел од активностите за одбележување на Светскиот ден на вранецот, чија цел беше промовирање на оваа водечка локална сорта за да се обезбеди нејзина глобална препознатливост.

По тој повод, ВВ „Тиквеш“ беше домаќин на истакнати вински новинари од САД, Германија, Франција, Шпанија и од Полска, кои се запознаа со македонското поднебје, богатата винска традиција и производството на вино во ВВ „Тиквеш“ и ја прераскажаа оваа приказна, ставајќи акцент на вранецот и на вината создадени од оваа сорта.









## Конференција за иднината на лозарството

Винарската визба „Тиквеш“ се вклучи во организацијата на конференцијата „Иднината на лозарството: Иновации, стандарди и одржлив развој“, обезбедувајќи стручни лица што се вработени во винарницата и странски експерти што ги ангажираше винарницата, кои беа говорници на оваа значајна конференција за споделување клучни знаења со кои би се обезбедил одржлив долгорочен развој на македонската винска индустрија.

Со оваа активност, ВВ „Тиквеш“ продолжи да придонесува за едукацијата во доменот на лозарството и винарството и за градењето експертиза базирана врз наука и сознанија за последните трендови во областа.

## Фестивал „Браќа Манаки“ – Поддршка за големи дела

Долгогодишното партнерство на Винарската визба „Тиквеш“ и Интернационалниот фестивал за филмска камера „Браќа Манаки“ продолжи и во 2025 година. Компанијата повторно ги пречека кинематографите и пријателите од фестивалот во својот вински подрум со цел заедничка здравица во чест на лауреатите на Интернационалниот фестивал за филмска камера „Браќа Манаки“ и на 140-годишнината на ВВ „Тиквеш“.

Овој значаен фестивал ја промовира земјата во светски рамки и претставува можност за нејзино претставување пред реномирана странска публика.






## Струшки вечери на поезијата – Децениско партнерство

Винарската визба „Тиквеш“ традиционално беше домаќин на најреномираните светски и домашни поети што учествуваа на 64-то издание на Струшките вечери на поезијата (СВП) во рамките на долгогодишната поддршка на компанијата на оваа манифестација. Покрај традиционалното поетско читање, учесниците на СВП имаа можност да уживаат и во вкусот на врвните вина на ВВ „Тиквеш“, кои беа инспирација за создавање оригинални стихови посветени на виното, при што на поетите им беше овозможено да ги напишат на етикетите од посебната едиција на вината „Луда Мара“. Она што му даде посебен печат на овој поетски ден беше презентацијата на антологијата „Дионис и Свети Трифун“, панорама на македонската винска поезија објавена од Струшките вечери на поезијата во чест на одбележувањето на 140-годишниот јубилеј од постоењето на ВВ „Тиквеш“.



## Охридско лето 2025 – Спој на два јубилеја

Винарската визба „Тиквеш“ е долгогодишен партнер на фестивалот Охридско лето, а неговите вина секоја година совршено се вклопуваат во фестивалскиот амбиент на Охрид.

За одбележување на 65-тиот роденден на култниот фестивал Охридско лето беше одржан свечен роденденски концерт, по кој следуваше коктел за гостите организиран со поддршка на Винарската визба „Тиквеш“. Прославата и поддршката беа уште позначајни поради тоа што винарницата го прославуваше својот 140-годишен јубилеј, а многубројните домашни и странски гости имаа можност да се запознаат со културата, традицијата и вината од земјата.









## Галичка свадба со вината на „Тиквеш“

И во 2025 година вината на „Тиквеш“ беа дел од прекрасната Галичка свадба и автентичните свадбарски обичаи, кои раскажуваат неверојатна приказна за традицијата од мијачкиот крај, негувајќи го македонското културно наследство. Доследно грижејќи се за богатото наследство вткаено во брендот „Тиквеш“, во годината кога винарницата го прослави 140-годишниот јубилеј особено беше важно да се придонесе за зачувување на македонските вредности.

## Традиционално закројување во чест на Св. Трифун

Празникот на лозарите и винарите, Свети Трифун, ВВ „Тиквеш“ го одбележа во знакот на исклучителниот јубилеј - 140 години од своето постоење. На свечениот чин на закројување на лозјата во Лепово, во присуство на претставници на дипломатскиот кор и институциите, лозари и соработници, нагласено беше дека „Тиквеш“ не само што останува посветен на традицијата, туку е и пионер во воведувањето на современите стандарди и имплементацијата на напредни, одржливи практики што треба да ја трансформираат домашната винска индустрија и да помогнат во нејзината подобра промоција на глобално ниво.

Во рамките на одбележувањето на празникот, амбасадорот на Италија, Н. Е. Паоло Палминтери, му го додели на претседателот на Управниот одбор на ВВ „Тиквеш“, Светозар Јаневски, орденот „Витез на редот Ѕвезда на Италија“





## Фестивал на младо вино

Во годината на големиот јубилеј - 140 години традиција, визија и лидерство, Винарската визба „Тиквеш“ го одржа 16-тото издание на Фестивалот на младо вино во Кавадарци. Традиционално, овој фестивал повторно ги собра големиот број пријатели, партнери и соработници на „Тиквеш“, како и претставници на дипломатскиот кор и институциите. Во атмосфера исполнета со енергија и страст кон виното, гостите ги дегустираа младите вина од најновата берба и им оддадоа признание на сите што се заслужни за нивното создавање.



Во рамките на настанот беше промовирано новото ребрендирано портфолио на жестоки пијалаци на „Тиквеш“, а во согласност со својата определба за континуирана поддршка на младите во развојот на своите таленти и вештини, „Тиквеш“ им даде можност на студентите од Факултетот за ликовна уметност од Скопје да учествуваат во креирањето на визуелниот идентитет на Фестивалот на младо вино 2025.









## Дипломатски гроздобер

За време на бербата 2025, Винарската визба „Тиквеш“ беше домаќин на членовите на дипломатскиот кор во земјава, кои на лозовите насади во Лепово имаа можност непосредно да ја доживеат магијата на гроздоберот. Овој настан повторно ги воодушеви неговите учесници, кои на овој начин одблизу се запознаа со македонското вино и со исклучителните карактеристики на поднебјето за производство на врвни вина.







## Крводарителска акција во „Тиквеш“

Винарската визба „Тиквеш“ и во 2025 година ја организираше традиционалната акција за доброволно дарување крв, која се одржа во просториите на винарницата во Кавадарци. Крводарителската акција во ВВ „Тиквеш“ беше реализирана со поддршка на стручен тим на Црвениот крст.

Во оваа хумана иницијатива, на доброволна основа, учество зедоа голем број вработени и членови на менаџерскиот тим на Винарската визба „Тиквеш“. Акцијата претставува дел од заложбите на компанијата за општествена одговорност и поддршка на заедницата.





# Табела за Глобалната иницијатива за *известување* *(GRI)*

| GRI стандард | Податок | Дел на кој се упатува |
|---|---|---|
| GRI 102-1 | Име на организацијата | 2. Организациски профил |
| GRI 102-2 | Примарни брендови, производи и услуги | 2.2 Нашите брендови |
| GRI 102-3 | Локација на седиште | 2. Организациски профил |
| GRI 102-4 | Природа на сопственоста и правна форма | 2. Организациски профил |
| GRI 102-5 | Опслужени пазари | 2.3 Пазарно присуство |
| GRI 102-6 | Големина на организацијата | 2. Организациски профил |
| GRI 103-1 | Структура на управувањето | 3.1 Структура на корпоративното управување |
| GRI 103-2 | Заложби за надворешни иницијативи | 2.4 Заложби во однос на меѓународните и секторските иницијативи и стандарди |
| GRI 103-3 | Вклучување на засегнатите страни/чинители | 3.5 Вклучување на засегнатите страни и анализа на материјалноста |
| GRI 2-9 | Структура и состав на управувањето | 3.1 Структура на корпоративното управување |
| GRI 2-14 | Улогата на највисокото управно тело во известувањето за одржливост | 3.2 Управување со ESG |
| GRI 205 | Политика против корупција | 3.3 Деловна етика, стандарди и политики |
| GRI 205-2 | Комуникација и обука за политиките и процедурите против корупција | 3.3 Деловна етика, стандарди и политики |
| GRI 301 | Енергија | 4.2. Систем за управување со енергијата и животната средина |
| GRI 301-1 | Потрошувачка на енергија | 4.2. Систем за управување со енергијата и животната средина |
| GRI 301-2 | Енергетски интензитет | 4.2. Систем за управување со енергијата и животната средина |
| GRI 301-3 | Иницијативи за енергетска ефикасност | Мерки за енергетска ефикасност |
| GRI 303 | Вода | Потрошувачка на вода |
| GRI 303-1 | Искористување и зачувување на водата | Потрошувачка на вода |
| GRI 304 | Биодиверзитет | Заштита на биодиверзитетот |
| GRI 304-2 | Интеракции со биодиверзитетот | Заштита на биодиверзитетот |
| GRI 305 | Емисии | Мерење на емисиите |
| GRI 305-1 | Директни емисии на стакленички гасови (Опсег 1) | Мерење на емисиите |



| GRI стандард | Податок | Дел на кој се упатува |
|---|---|---|
| GRI 305-2 | Индиректни емисии на стакленички гасови (Опсег 2) | Мерење на емисиите |
| GRI 305-3 | Други индиректни емисии на стакленички гасови (Опсег 3) | Мерење на емисиите |
| GRI 305-4 | Интензитет на емисиите на стакленички гасови | Мерење на емисиите |
| GRI 306 | Истекувања и отпад | 4.4. Управување со отпад и циркуларна економија |
| GRI 306-2 | Отпад според типот и методот на одлагање | 4.4. Управување со отпад и циркуларна економија |
| GRI 306-5 | Отпад што се одложува на депонија | 4.4. Управување со отпад и циркуларна економија |
| GRI 401 | Вработување | 5.2 Вработување и трудови практики |
| GRI 401-1 | Новоработени и промени во работната сила | 5.2 Вработување и трудови практики |
| GRI 401-2 | Бенефиции за вработените на неопределено време | 5.2 Вработување и трудови практики |
| GRI 403 | Здравје и безбедност во процесот на работа | 5.3. Здравје, безбедност и добросостојба |
| GRI 403-1 | Систем за управување со здравјето и безбедноста во процесот на работа | 5.3. Здравје, безбедност и добросостојба |
| GRI 403-2 | Идентификување опасности, процена на ризик и истрага на несреќни случаи | Усогласеност со безбедноста и здравјето |
| GRI 404 | Обуки и образование | Континуирано подобрување |
| GRI 413 | Локални заедници | 5.4. Вклучување на заедницата |
| GRI 413-1 | Активности со вклучување на локалната заедница, процени на влијание и програми за развој | 5.4. Вклучување на заедницата |
| GRI 414 | Општествена процена на добавувач | Кодекс на однесување за добавувачи |
| GRI 201-1 | Генерирана и дистрибуирана директна економска вредност | Економско влијание |
| GRI 201-2 | Финансиски импликации и други ризици и можности како резултат на климатските промени | Финансиски резултати |
| GRI 600-2 | Поплаки/жалби во однос на кршење на приватноста на клиентите и губење податоци за клиенти | Постапки во механизмот за жалби |

| Секторски GRI 13: Земјоделство | | |
|---|---|---|
| 13.1.1 | Управување со материјални теми | Резултати од процената на материјалноста |
| 13.1.2 | Директни емисии (Опсег 1) | Мерење на емисиите |
| 13.1.3 | Индиректни емисии (Опсег 2) | Мерење на емисиите |
| 13.1.4 | Други индиректни емисии (Опсег 3) | Мерење на емисиите |
| 13.1.5 | Интензитет на емисиите на стакленички гасови | Мерење на емисиите |
| 13.2.2 | Финансиски импликации и други ризици и можности како резултат на климатските промени | Финансиски резултати |
| 13.3.2 | Влијание на биодиверзитетот | Заштита на биодиверзитетот |
| 13.8.3 | Управување со влијанијата поврзани со отпадот | 4.4. Управување со отпад и циркуларна економија |
| 13.8.6 | Отпад што се одложува на депонија | 4.4. Управување со отпад и циркуларна економија |
| 13.12.2 | Активности со вклучување на локалната заедница, процени на влијание и програми за развој | 5.4. Вклучување на заедницата |
| 13.12.3 | Активности со значајни реални и потенцијални негативни влијанија врз локалните заедници | 5.4. Вклучување на заедницата |
| 13.19.2 | Систем за управување со здравјето и безбедноста во процесот на работа | 5.3. Здравје, безбедност и добросостојба |
| 13.19.3 | Идентификување опасности, процена на ризик и истрага на несреќни случаи | 5.3. Здравје, безбедност и добросостојба |
| 13.22.2 | Генерирана и дистрибуирана директна економска вредност | Економско влијание |
| 13.26.3 | Комуникација и обука за политиките и процедурите против корупција | 3.3 Деловна етика, стандарди и политики |

TIKVEŠ

SINCE 1885

Tikveš Winery AD Kavadarci
8-mi Septemvri 5 1430 Kavadarci,
Republic of North Macedonia
www.tikves.com.mk